СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>06.03.2012 год.<br>БРОЈ 2 ГОДИНА 47 |
| --- | --- |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2011 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /3**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2011 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2011 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 го донесе следниот,

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2011 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 29.12.2011 година донесе Програма за работа на Советот за 2011 година. Во Програмата за работа активностите на Советот за 2011 година беа планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** ( Јануари, Февруари, Март)
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (Април, Мај, Јуни)
**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧИЕ** ( Јули, Август, Септември)
**ЧЕТВРТО ТРОМЕСЕЧИЕ** ( Октомври, Ноември, Декември).

**1. Во првото тромесечие од 2011 година** Советот на општина Охрид одржа 4 седници. Планираните активности согласно Програмата се реализирани со исклучок што не беше донесен Деловникот за работа на Советот и Годишниот извештај за работата на Инспекторатот. Исто така донесени се акти кои не се предвидени во Програмата.

**Дваесет и деветата седница** се одржа на ден 17.01.2011 година. На истата беа предложени 9 точки од кои 3 се повлечени, а со една точка дополнет е дневниот ред. На ова седница усвоени се 7 Одлуки.

**Триесетата седница** се одржа на 28.02.2011 година на која се усвоени 26 Одлуки колку што и се предложени.

**Триесет и првата седница** се одржа на ден 15.03.2011 година . На дневен ред беа предложени 29 точки од кои една беше повлечена, а со една беше дополнет дневниот ред. Советот на тој ден расправаше по 28 точки, а потоа седницата беше прекината и истата продолжи на ден 24.03.2011 година, на која се расправаше за уште една точка. На ова седница усвоени се 28 Одлуки додека една Одлука не беше усвоена.

**Триесет и втората седница** се одржа на ден 23.03.2011 година. За седницата беше предложена една точка истата беше разгледана и усвоена.

**2. Во ВТОРОТО ТРОМЕСЕЧИЕ од 2011 година** Советот на општина Охрид одржа 3 седници. Програмските активности во целост се реализирани, а донесени се и одлуки кои не се предвидени со програмата

**Триесет и третата седница** се одржа на ден 28.04.2011 година . За работа на оваа седница беа предложени 27 точки, а имаше дополнување со уште една точка и една беше повлечена од страна на Градоначалникот. Во текот на работата Советот усвои вкупно 27 Одлуки.

**Трисет и четвртата седница** се одржа на ден 26.05.2011 година и за истата седница се предложени 14 точки на дневен ред, а извршено е дополнување со уште една точка. Од вкупно предложените 15 одлуки 14 се усвоени додека една не е усвоена.

**Триесет и петата седница** се одржа на 29.06.2011 година . За работа беа предложени 16 точки, предложена и усвоена за работа беше уште една точка, така да од вкупно 17 одлуки 13 беа усвоени,а 4 не беа усвоени.

**3. Во ТРЕТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ од 2011 година** Советот на општина Охрид одржа 3 седници.

**Триесет и шестата седница** се одржа на ден 05.07.2011 година и на истата на дневен ред беа поставувани и беше одговарано по советнички прашања.

**Триесет и седмата седница** се одржа на 28.07.2011 година беа разгледувани 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени. Овие точки беа надвор од програмските активности на Советот.

**Триесет и осмата седница** беше закажана за ден 31.08.2011 година, а поради прекин на истата за точките од дневниот ред се расправаше на ден 29.09.2011 година. За работа на ова седница беа предложени 34 точки, а извршено е дополнување на дневниот ред со 3 точки, а една одлука е повлечена. Усвоени се вкупно 18 Одлуки и 18 не се усвоени.

**4.** Во **ЧЕТВРТОТО ТРОМЕСЕЧИЕ од 2011 год.** Советот на општина Охрид одржа 5 седници, од кои 4 работни и една свечена седница. Свечената седница е одржана на ден 07.11.2011 година. Програмата за четвртото тромесечије е реализирана во целост со исклучок на тоа што не е оджана седница за предвидените советнички прашања.

**Триесет и деветата седница** се одржа на 29.09.2011 година. За дневен ред предложени се 37 точки. Со една точка е дополнет дневниот ред , 37 Одлуки се усвоени, а 1 Одлука не е усвоена.

**Четириесетата седница** се одржа на 28.10.2011 година. За дневен ред предложени се 35 точки, дневниот ред дополнет е со 5 точки, а повлечена е 1 точка. Вкупно усвоени се 37 Одлуки, 1 Заклучок, а 1 Одлука не е усвоена.

**Четириесет и првата седница** се одржа на 30.11.2011 година. Со оглед да истата беше прекината, седницата продолжи на ден 02.12.2011 година. На оваа седница беа предложени 15 точки, со 2 точки е дополнет дневниот ред. Од вкупно 17 точки по кои се расправаше, беа усвоени 15 Одлуки, еден Заклучок и една одлука не се усвои.

**Четириесет и втората седница** се одржа на ден 27.12.2011 година. За дневен ред предложени се 44 точки. Дневниот ред е надополнет со 2 нови точки и вкупно усвоени се 44 Одлуки, еден Заклучок и Буџетот за 2012 година.

Советот на општина Охрид во 2011 година одржа 15 седници, од кои 14 работни и една свечена седница. За работа на сите седници предложени се вкупно 290 точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со вкупно 18 точки на 10 седници, додека повлечени се 7 точки на 5 седници. Советот за 2011 година усвои вкупно 269 Одлуки, 4 Заклучоци, Буџет и 27 Одлуки не се усвоени.

Во текот на 2011 година активно работеа и работните тела на Советот .

**Комисијата за верификација, избори и именување** одржа вкупно 6 седници. Беа разгледани 20 точки, 16 се усвоени, 2 не се усвоени, а за една нема изградено став.

**Комисијата за животна средина** одржа 10 седници, на кои беше расправано по 49 точки. 33 одлуки беа усвоени, за 3 одлуки не е изграден став, и 13 одлуки не се усвоени.

**Комисијата за урбанизам** одржа 10 седници. На седниците беа разгледани 48 точки, усвоени се вкупно 25 одлуки, за 7 не е изграден став и 16 не се усвоени.

**Комисијата за туризам и локален економски развој** одржа 9 седници. Комисијата за туризам и локален економски развој расправала по 21 точка и истите точки се усвоени.

**Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените** во текот на 2011 година одржала 2 седници, на кој се разгледувани 3 точки и сите 3 се усвоени.

**Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија** одржа 4 седници. Предложени се три точки и истите се усвоени. На две седници Комисијата ги разгледуваше и одлучуваше за понудите доставени по повод патрониот празник на општината 8-ми декември.

**Комисија за јавни и комунални дејности** одржа 11 седници. Усвоени се 77 точки, а за 32 точки не е изграден став.

**Комисија за месна самоуправа** одржа е 1 седница со 10 точки, и сите 10 точки се усвоени.

**Статутарно правната комисија** одржа 7 седници, разгледани се 7 точки, 6 се усвоени, а една не е усвоена.

**Комисијата за општествени дејности** одржа 10 седници. Вкупно се разгледани 73 точки, 54 се усвоени, за 2 одлуки не е изграден став, 88 заклучоци се усвоени и 3 заклучоци не се усвоени.

**Комисија за финансии и буџет** одржа 10 седници, 176 точки поставени на дневен ред од кои 12 се повлечени.Комисијата за финансии и буџет усвоила вкупно 94 одлуки, 45 не усвоила, а за 25 не е изграден став.

**Број 07-685/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2011 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на одделението за даноци за периодот од 01.01. до 31.12.2011 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /4**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01- 31.12.2011 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на одделението за даноци за периодот од 01.01 до 31.12.2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 685/4**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ОД 01.01.2011 ДО 31.12.2011 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на локалната самоуправа Одделението за даноци ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија и ја следи наплатата на даноците.

За период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година поднесени се **899** даночни пријави за **данок на наследство и подарок** и формирани се исто толку предмети од кои:

- За 886 изготвени се решенија.
- За 88 изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за општина Охрид по основ издадени решенија за 2011 година изнесува 4.556.633,00 денари.
- За 798 изготвени се решенија со даночно ослободување.
- 9 предмети се во процедура пред Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 3 предмети се повлечени од процедура.
- 1 предмет е некомплетен.
- Од страна на даночните обврзници поднесени се четири жалби на решенија, од кои една е прифатена, две се одбиени од Министерството за финансии, а една е во постапка.

Во буџетот на општина Охрид за 2011 година по основ на данокот на наследство и подарок планирани се приходи во износ од 4.250.000,00 денари. Во период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година по овој основ остварени се приходи во износ од 4.277.740,50 денари или буџетот е реализиран 100,65%. Од нив 3.397.003,50 денари се по предмети од 2011 година, а 880.737,00 денари се по предмети од минати години.

Вкупното даночно задолжување за 2011 година по овој основ изнесува 4.556.633,50 денари. Наплатата по предмети од данок на наследство и подарок за 2011 година изнесува 3.397.003,50 денари или процентуално наплатата изнесува 74,55% со состојба на 31.12.2011 година.

**2.** За период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година поднесени се **1278** даночни пријави за **данок на промет на недвижности** и формирани се исто толку предмети од кои:

- За 1171 изготвени се решенија.
- За 863 изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжение за општина Охрид по основ издадени решенија за 2011 година е во износ од 70.168.599,00 денари.
- За 308 изготвени се решенија со даночно ослободување.
- 10 предмети се со неусогласена или некомплетна документација.
- 54 предмети се во процедура пред Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 43 предмети се повлечени од процедура.

Од страна на даночните обврзници поднесени се 10 жалби доставени до Министерството за финансии, од кои 2 се уважени, 1 е одбиена, 1 е повлечена, а за останатите 6 постапката е во тек.

Во буџетот на општина Охрид за 2011 година по основ на данокот на промет на недвижности планирани се приходи во износ од 85.000.000,00 денари. Во период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година по овој основ остварени се приходи во износ од

74.642.297,00 денари или буџетот е реализиран 87,81%. Од нив 59.948.403,50 денари се по предмети од 2011 година, а 14.693.893,50 денари се од предмети од минати години.

Вкупното задолжување по овој основ изнесува 70.168.599,00 денари, а наплатено е 59.948.403,50 денари, или процентуално наплатата изнесува 85,43%.

**3**. За период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година обработени се **3.825** даночни пријави за **данок на имот** од кои 145 даночни пријави од страна на даночните обврзници и 3680 по службена должност, **1461** даночни одјави за данок на имот и **326** пријави за промена на имот и истите се целосно обработени.

За 2011 година изготвени се **22.888** решенија од данок на имот од редовен облог од кои 22.518 решенија од данок на имот на физички лица и 370 решенија од данок на имот на правни лица и **347** решенија за припис за 2011 година.

Вкупното задолжување по основ донесени решенија за 2011 година изнесува **52.045.646,00** денари. ( редовен облог 51.347.353,00 денари+ припис 698.293,00 денари).

Во период 01.01.2011 до 31.12.2011 година изготвени се 648 решенија за данок на имот по припис за период 2007 година-2010 година, по службена должност, со задолжение во износ 5.395.132,00 денари.

Доставени се на даночните обврзници вкупно 19.621 решение, односно 85,72%.

Во буџетот на општина Охрид за 2011 година по основ данок на имот планирани се приходи во износ од 44.000.000,00 . Во период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година остварени се приходи во износ од 49.223.694,50 денари или буџетот е реализиран 111,87%.

Од страна на даночните обврзници поднесени се вкупно 50 жалби по решенија, од кои 18 се решени од страна на првостепениот орган, 4 се повлечени, и 28 препратени до Министерот за финансии и се во процедура. Исто така поднесени се 93 други барања по различен основ во врска со данокот на имот и истите се обработени.

Во текот на 2011 година на даночните обврзници доставени им се 2396 опомени за неплатени решенија за данок на имот за минати години и 153 решенија за присилна наплата 16 опомени за неплатени решенија за данок на промет и данок на наследство и подарок за минати години и исто толкав број на решенија за присилна наплата.

**4.** За период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година издадени се **907** потврди за даночни (не) обврзници на недвижен имот за комплетирање на документи за користење на социјална помош, **12** потврди за даночни (не) обврзници на недвижен имот за комплетирање на документи за аплицирање за социјални станови, **7** потврди за даночни (не) обврзници на недвижен имот за аплицирање за закупнина на станови кај војните лица, **69** потврди за комплетирање документи за визи за странство, **34** потврди за сместување во студентски дом и стипендија и **24** потврди за разни цели. Поднесени се **7** барања од УЈП за доставување податоци за даночни обврзници, **9** барања од Комисијата за проценка на имот во постапка за експропријација за утврдување на пазарна вредност на недвижноста, како и **14** други поднесоци и на истите е одговорено.

Во истиот период донесени се и **52** решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства како и **21** решенија за повраќај на паричен износ.

За период 01.01.2011 година до 31.12.2011 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности, и данокот на имот остварени се вкупно **128.143.732,00** денари. Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од **133.250.000,00** денари, односно буџетот е остварен **96, 16%.**

**Број 07- 685/4-1**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 18 УБ 18.1. И ДЕЛ ОД УБ 18.2. – ЧЕКОШТИНА-ОПШТИНА ОХРИД 2011-2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 18 УБ 18.1. и дел од УБ 18.2. – Чекоштина- Општина Охрид 2011-2016, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 - 685 /5**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 18 УРБАН БЛОК 18.1 И ДЕЛ ОД УБ 18.2 ЧЕКОШТИНА – ОПШТИНА ОХРИД 2011 - 2016**

**Член 1**

Се утврдува Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 18, урбан блок 18.1 и дел од УБ 18.2 Чекоштина – општина Охрид 2011-2016 .

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 18, урбан блок 18.1 и дел од УБ 18.2 Чекоштина – општина Охрид 2011-2016 план се опфаќа простор со површина од 32,50 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 18, урбан блок 18.1 дел од УБ 18.2 Чекоштина - општина Охрид е опфат на границите:

**Магистрален пат Охрид-Скопје, новопланирана улица и граница утврдена со ГУП Охрид 2002-2012 .**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 18, урбан блок 18.1 дел од УБ 18.2 Чекоштина општина Охрид со тех. бр. 2118/09 изработен од ЗУАС - Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 18 дел од урбан блок 18.1 и дел од УБ 18.2 Чекоштина општина Охрид 2011 -2016.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-685/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЗ 4 ДЕЛ ОД УБ 4.4. ОПШТИНА ОХРИД- 2011-2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт детален урбанистички план за дел од УЗ 4 за дел од УБ 4.4. Општина Охрид - 2011-2016, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 - 685 /6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 4 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 4.4 ОПШТИНА ОХРИД 2011 - 2016**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 4, дел од урбан блок 4.4 – Општина Охрид 2011-2016 .

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 4, дел од урбан блок 4.4 се опфаќа простор со површина од 12.30 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 4, дел од урбан блок 4.4 - општина Охрид е опфат на границите:

**Патен правец Охрид- Скопје, река Далјан, улица Распаќе.**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за дел Урбана заедница 4, дел од урбан блок 4.4 општина Охрид 2011 – 2016 со тех. бр. 176/11 изработен од ДООЕЛ „НИМАЕР“ – Струга д.е. Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 4 дел од урбан блок 4.4 општина Охрид 2011 -2016 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 685/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески ,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЗ 12 ДЕЛ ОД УБ 12.4 ОПФАТ 3 ОПШТИНА ОХРИД - 2011- 2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт деталeн урбанистички план за дел од УЗ 12 дел од УБ 12.4 опфат 3 општина Охрид - 2011-2016 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 12 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 12.4 ОПФАТ 3 ОПШТИНА ОХРИД 2011 - 2016

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт деталeн урбанистички план за дел од урбана заедница 12, дел од урбан блок 12.4 опфат 3 – општина Охрид 2011-2016.

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 12, дел од урбан блок 12.4 опфат 3 се опфаќа простор со површина од 0,50 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 12, дел од урбан блок 12.4 опфат 3 - општина Охрид е опфат на границите:

**Ул.„ Партизански одреди, Париска комуна и кп.1492,1494.**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 12, дел од урбан блок 12.4 опфат 3 општина Охрид 2011 – 2016 со тех. бр. 121/11 изработен од ДООЕЛ „НИМАЕР“ – Струга д.е. Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4 опфат 3 општина Охрид 2011 -2016 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 685/7**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески ,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ДОЛНО КОЊСКО ОПФАТ 1 – 2015-2020**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт урбанистички план вон населено место Долно Коњско опфат 1 – 2015-2020 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /8**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ДОЛНО КОЊСКО, ОПФАТ 1 2010-2020**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт урбанистички план вон населено место Долно Коњско, опфат 1 2010-2020.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 3.50 ха.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт урбанистички план вон населено место Долно Коњско, опфат 1 општина Охрид- 2010-2020 е опфат на границите:

**Патен правец Охрид- Св.Наум, новопланирана улица согласно ГУП за дел од крајбрежен простор-туристички локалитет Горица –Св.Срефан –Метропол; кп.бр.2935, дел од 2933,2938,2939 КО Коњско .**

**Член 3**

Нацрт урбанистичкиот план вон населено место Долно Коњско, опфат 1 2010-2020 година, изработен од „ТАЈФА -ПЛАН “- Скопје со технички број 200/05/10 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт урбанистички план вон населено место Долно Коњско , опфат 1 2010-2020 година

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае најмалку 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 685/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 31.12.2011 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /9**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29 .02.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.12.2011 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работа на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01-31.12.2011 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 685/9**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

## И З В Е Ш Т А Ј
### ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2011 ДО 31.12.2011 ГОДИНА

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма(назив),изготвува решенија и ја следи наплатата на

комуналната такса за фирма(назив),како и изготвување на договори за поставување на урбана опрема и врши наплата на истите, изготвување на решенија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со закон.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма(назив)**

За 2011 година изготвени се **4382** решенија за комунална такса за фирма(назив),од кои **4006** решенија за комунална такса за фирма на правни лица и **376** решенија за комунална такса за фирма на вршители на дејност.Доставени се **2637** решенија,односно 61 % .Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми на терен во врска со доставата,поради големиот број регистрирани фирми кои не работат, а не отпочнале постапка за нивно бришење од регистарот на фирми, промени на адреси на правните субјекти и сл.

Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **7.704.701,00** денари.
Во буџетот на Општина Охрид за 2011 година,по основ на комунална такса за фирма предвидени се приходи во износ од **5.500.000,00** денари.Во период од 01.01.2011 година до 31.12.2011 година остварени се приходи во износ од **7.704.701,00** денари,или планирањето во буџетот е натфрлен со **40 %** .
Од страна на даночните обврзници поднесени се 12 жалби,од кои 9 се решени а за 3 се чека одговор од второстепениот орган.
На крајот на 2011 год.започна постапката за присилна наплата по основ на комунална такса за фирма.За таа цел изготвени се 2279 опомени.До завршувањето на календарската година,изготвени се 202 решенија за присилна наплата на достасани обврски.Постапката за присилна наплата ќе продолжи и во 2012 год.
- Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми при наплатата на доспеаните долгови со присилна наплата,поради неможноста на банките да ги извршат решенијата за присилна наплата од бројни причини,како на пр.стари сметки,затворени сметки,затворени фирми кои не се одјавени во централен регистар,фирми кои постојат како активни,а немаат отворено сметка во банка.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

За поставување на маси и столици склучени се **47** договори и остварени се приходи во вкупен износ од **2.492 015,00** денари.Извршена е и една уплата за 2010 година,во износ од **135,285.00** ден.

-38 платени договори од тендери преку јавни набавки со вкупен износ од **639.000,00** денари.
Во буџетот на Општина Охрид за 2011 година,по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност,предвидени се приходи во износ од **3.000.000,00** денари. Во период од 01.01.2011 година до

31.12.2011 година остварени се приходи во износ од **3.131.015** денари,или буџетот е реализиран со **104 %.**

**3. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места.**

Во рамки на надлежностите на одделението за комунални такси,изготвени и доставени се 6 решенија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места,и тоа:

**1.ЛАЗОВ ГРУП** (за период од 01.04.2011 год. до 31.03.2012 год.) за поставување на ***24 светлечки рекламни панели-сити лајти*** и ***22 рекламни панели-билборди*** за период од една година во вкупен износ од **46,000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

**2.АКЦЕНТ МЕДИА**(за период од 01.04.2011 год. до 31.03.2012 год.) за **5** ***светлечки рекламни панели-сити лајти*** и **45** ***рекламни панели-билборди*** за период од една година во вкупен износ од **50,000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

**3.МАЈ ПЛЕЈС** (за период од 20.05.2010 год. до 20.05.2011 год.) за ***билборд со мултимедијален екран,*** за период од една година во вкупен износ од **1,000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

**4.МАЈ ПЛЕЈС** (за период од 20.05.2011 год. до 20.05.2012 год.) за ***билборд со мултимедијален екран,*** за период од една година во вкупен износ од **1,000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

**5.ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА** (за период од 08.03.2010 год. до 08.03.2011 год.) за ***106 рекламни места-панели*** за период од една година во вкупен износ од **169.000** денари. Истиот износ е наплатен во целост.

**6. ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА**(за период од 08.03.2011 год. до 08.03.2012 год.) за ***106 рекламни места-панели*** за период од една година во вкупен износ од 106.000 денари,од кои наплатени се **25 000** денари.

Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 год,по основ на комунална такса за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места остварени е вкупен приход во износ од **292,000.00 ден** .

**4.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштадите и друг простор во градот.**

Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година,направени се 10 ***презентации*** ,од кои е остварен приход во износ од **67,600** денари.`

**5. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила,товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси.**

Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година,доставени се задолженија за користење на простор за паркирање на моторни возила,и тоа:

-Во износ од **1.357.800,00** ден,за период од 01.01.2009 до 31.12.2009 година и истиот е наплатен во целост.

-Во износ од **1.357.800,00** ден,за период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година од кои наплатени се **1.157.800,00** ден.

-Во износ од **1.357.800,00** ден,за период од 01.01.2011 до 31.12.2011 година.Истиот не е наплатен.Доставена е опомена за наплата на долгот.
Во буџетот на Општина Охрид по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила,товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси,предвидени се приходи во износ од **1.500.000,00** ден.Одделението за комунални такси во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 год,по основ на комунална такса за користење на простор за паркирање на патнички моторни возила,товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси,оствари вкупен приход во износ од **2.515.600,00 ден.**

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патни возила.**
Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година,остварени се приходи во износ од **1.861.737,00 денари,**а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од **2.000.000,00** ден.

**7. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**
Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година,остварени се приходи во износ од **65.250.749,50 ден,** а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од **63.000.000,00 ден.**

**Број 07-685/9-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Секторот за јавни дејности за 2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СЕКТОРОТ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ ЗА 2011 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Секторот за јавни дејности за 2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/10**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

## И З В Е Ш Т А Ј
**ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОРОТ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ ВО ТЕКОТ НА 2011 ГОДИНА**

Извештајот за работата на Секторот на јавни дејности е конципиран врз основа на приоритетноста на дејностите кои се во делокругот на работните обврски, а којашто произлегува од обемот на законските надлежности.

Следствено на тоа, несразмерно поголеми се работните обврски во делот на образованието и детската заштита, во споредба со останатите дејности кои ги покрива овој Сектор, а за кои Општина Охрид се уште нема директни законски надлежности.

**Образование и детска заштита**

Благовремено, во временскиот рок предвиден со Законот за основно образование,Законот за средно образование и Законот за детска заштита, подготвени се и доставени до Советот на општината, на разгледување и усвојување :

- Годишните програми за работата на училиштата и детската градинка;
- Годишните програми за работата на училиштата и градинката;
- Годишните извештаи за материјално – финансиското работење;
- Завршните сметки и
- Барањата за согласности за формирање паралелки со помал број ученици од законски утврдениот минимум.

Благовремено се изготвуваат и се доставуваат согласности за јавни набавки и за издавање одредени училиштни објекти под закуп, и воедно се следи законитоста во овој дел од работењето на училиштата и градинката;

Благовремено се изготвуваат и доставуваат на одобрување до Министерството за финансии, финансиските планови за наменската, општинската, донаторската и сопствената сметка на училиштата и детската градинка и

Благовремено, на почетокот од годината, до Министерството за образование и наука, доставени се предлог-плановите за упис на ученици во прва година во средните училишта.

До Министерството за образование и наука благовремено беа доставени и инвестициските приоритети за капиталните инвестициски потреби, но и во 2011 година, Министерството не одвои финансиски средства за ниту една капитална инвестиција во охридското образование ( Општина Охрид аплицираше со проекти за промена на сите кровни конструкции со салонитни табли и со проекти за замена на надворешната и внатрешната дограма).

Охрабрувачки и ветувачки е фактот што во Програмата за реконструкција и санација на основните и средните училишта во Република Македонија, изготвена од страна на Министерството за образование и наука, за 2012 година, предвидени се инвестициски приоритети за охридските основни и средни училишта (ОУ „Григор Прличев“, ОУ „Кочо Рацин“, ОУ „Св.Наум Охридски“ – с.Пештани и ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“). Да се надеваме дека надлежното Министерство ќе смогне сили, да ги реализира овие проекти.

И во текот на 2011 година успешно продолжи реализацијата на проектот за продолжен престој на учениците.

Во соработка со Министерсвото за правда, Државниот совет за превенција и Канцеларијата на Уницеф во Скопје, беше формиран Општински совет за превенција на малолетничко престапништво.

Секторот за јавни дејности, во текот на целата година, остварува перманентна комуникација со Министерството за образование и наука и навремено и успешно ги спроведува сите негови укажувања и информации, коишто се во насока за подобрување на квалитетот на образовниот процес во основното и средното образование.

**Наменска дотација**

Износот на вкупната наменска дотација за **основното образование** за 2011 година изнесуваше 18.753.207,00 денари.

Од овој износ:

- 15.278.713,00 денари се издвоени за течни горива, електрична енергија, телефон, вода и ѓубретарина;

- 2.321.792,00 денари се издвоени за превоз на ученици;
- 827.392,00 денари се издвоени за канцелариски материјали, ситен инвентар и ситни поправки и
- 325.310,00 денари се издвоени за систематски прегледи на вработените, за дезинсекција, дезинфекција и дератизација, за осигурување на објектите како и за полнење на противпожарните апарати.

Износот на вкупната наменска дотација за **средното образование** за 2011 година изнесуваше 26.969.318,00 денари.

Од овој износ:

- 8.586.920,00 денари се издвоени за течни горива, електрична енергија, телефон, вода и ѓубретарина;
- 16.546.730,50 денари се издвоени за превоз на учениците;
- 1.760.692,00 денари се издвоени за канцелариски материјали, ситен инвентар, ситни поправки, поправки и одржување на компјутерска опрема, набавка на материјали, поправки и одржување на машини ( работилницата за практична настава во ЕМУЦ ), санација на фискултурната сала во ОСУ „Св. Климент Охридски“, и изградба на затворен премин во ЕМУЦ и
- 71.189,00 денари се издвоени за систематски прегледи на вработените, за дезинсекција, дезинфекција и дератизација, за осигурување на објектите, како и за полнење на противпожарните апарати.

Износот за наменската дотација за **детската градинка** изнесуваше 7.000.000,00 денари.

Од овој износ:

- 4.295.681,00 денари се издвоени за течни горива и
- 2.308.581,00 денари се издвоени за договорни услуги со вработените со нерегулиран работен однос.( Останатите комунални и материјални трошоци Градинката ги обезбедува од сопствени приходи).

**Тековно инвестициско одржување на објектите**

Во текот на 2011 година, од средствата на општинскиот буџет се вложија значителни средства во тековното одржување на образовните објекти.

Во текот на 2011 година позначаен инвестиционен зафат беше започнувањето на изградбата на фискултурната сала во ОУ „Св. Наум Охридски“ - с. Пештани.

Износот на финансиските средства од општинскиот буџет за тековното инвестициско одржување на објектите по училиштата е следен:

- **ОУ „Братство – единство“** – 348.200,00 денари;
- **ОУ „Климент Охридски“** – 1.062.873,00 денари;
- **ОУ „Ванчо Николески“ –** 1.321.500,00 денари;
- **ОУ „Григор Прличев“ –** 240.705,00 денари;
- **ОУ „ Кочо Рацин“ –** 2.192.282,00 денари;
- **ОУ „Христо Узунов“ –** 1.922.488,00 денари;
- **ОУ „Методи Патче“ –** 120.773,00 денари;

- **ОУ „Живко Чинго“** – 1.072.000,00 денари;
- **ОУ „Св. Наум Охридски“** – 7.514.579,00 денари;
- **ОУТУ „Ванчо Питшески“** – 1.028.000,00 денари;
- **ОЕМУЦ „Св Наум Охридски“** – 294.000,00 денари;
- **ОСУ „Св Климент Охридски“** – 2.796.234,00 денари.

Износот на финансиските средства за тековното инвестициско одржување на објектите на **ЈОУДГ „Јасна Ристеска“** изнесуваат 1.280.000,00 денари.

**Дејности во кои локалната самоуправа нема директни надлежности**

Во дејностите во кои локалната самоуправа нема директни надлежности, ангажманот на Секторот за јавни дејности во изминатата 2011 година најмногу беше фокусиран врз реализацијата на бројните културни манифестации, и тоа :

- Учество во организацијата и успешната реализација на бројните културни активности планирани со обемната и содржајна програма на Комисијата за одбележување празници и манифестации, со посебен акцент на активностите поврзани со:

- „Вечерите на Живко Чинго“;
- „Поетска ноќ во Велестово“;
- „Годишнина од победата над фашизмот“;
- „Денот на словенските просветители“;
- „Денот на Езерото“;
- „Денот на Републиката“;
- „Неделата на св.Климент – летен“;
- „Годишнина од смртта на св.Наум“;
- „Денот на независноста“;
- „Денот на народното востание“;
- „Денот на ослободувањето“ и
- „Прличеви беседи“;
- Учество во успешната организација на Филмскиот фестивал на францускиот филм;
- Учество во успешната организација на Охридскиот хорски фестивал;
- Отворање на спомен-соба на НОВ во с. Сливово.
- Поддршка на прославата по повод 65 години од постоењето на Здружението на пензионери на Охрид и Дебрца и
- Поддршка на ликовни изложби, музички концерти и литературни остварувања на млади охридски автори.

Посебно за одбележување во делот на културата, секако, е завршувањето на заедничкиот проект со Министерството за култура за подигнување на монументален споменик на Св. Наум Охридски – Чудотворецот, кој свечено беше откриен со пригодни свечености на 03.07.2011 година.

**Во делот на спортот:**

И во текот на 2011 година, локалната самоуправа продолжи со подобрување на спортската инфрастурктура по урбаните заедници.

Во рамките на своите можности, во текот на 2011 година, беше остварена успешна соработка и финансиска поддршка за:

- Атлетски клуб „Охрид“;
- Боксерски клуб„Охрид“;
- Женски кошаркарски клуб;
- Женски фудбалски клуб “Билјанини Извори”
- ФК ” Лоте”
- ФК “Охрид”
- Фудбалска школа “Охрид”
- Општински фудбалски сојуз;
- Ракометен клуб “Охрид” ;
- Кошаркарски клуб “Колибри”;
- Стрелачки клуб;
- Планинарски клуб “Магаро“;
- Кајак-кану клуб ’’Стрмец“;
- Кајак-кану клуб „Ехо“;
- Пливачки клуб “Охридски бранови“;
- Кикбокс клуб „Голден тим“;
- Теквондо клуб „Хваранг ИТФ“;
- Теквондо клуб „Хваранг фист“;
- Велосипедски Клуб „Екодром“ и
- Хокеј на трева.

Секторот за јавни дејности даде и финансиска поддршка на традиционалниот Меморијален турнир во мал фудбал “Стефан Толески” - с.Пештани.

За поддршка на спортските клубови и манифестации во 2011 година од општинскиот буџет беа издвоени 2.360.450,00 денари.

**Во делот на младите и невладиниот сектор:**

Продолжи успешната повеќегодишна соработка со Младинскиот совет, Здружението на слепи, Здружението на глуви и наглуви лица, Здружението на телесни инвалиди, Здружението на жени “Бисера“, Здружението на Еѓипќани, Центарот “ПОРАКА“, Охридскиот градски хор, културно-уметничките друштва: “Филиграни“ , “Македонка“, “ Илинден“, “ Ѓердан“, “Отекс“ и “Охриѓанка“.

Во рамките на можностите, логистички и финансиски беа поддржани сите барања на активните невладини организации, коишто реализираа одредени конкретни проекти,како и сите талентирани поединци кои го претставуваа Охрид на разни државни и меѓународни манифестации.

Организирани беа и неколку семинари, обуки, трибини во соработка со невладиниот сектор и беше овозможена секаква логистичка помош околку нивните активности, како и посета на семинари и обуки во нивна организација.

Во соработка со Министерството за труд и социјална политика ,Британскиот Совет и невладината организација “ Еднаков пристап “ од Скопје, активно се работеше на полето на имплементацијата на Законот за заштита и спречување на дискриминацијата. Во тој дел беше изработен,изгласан и спроведен Акционен план за општина Охрид.

Тековно и активно се спроведуваа активностите од донесениот Акционен план за лицата со попреченост, изработен во соработка со сите здруженија на лица со попреченост и ’’Хендикеп интернационал “ од Скопје.

Средствата кои беа издвоени за овие намени изнесуваат:

- Културно уметнички друштва – 1.913.950,00 и
- Здруженија на граѓани – 533.510,00

**Во делот на социјалната заштита:**

Покрај секојдневните соочувања со постојаните барања за еднократна парична помош на се поголем број граѓани, Секторот оствари забележителна соработка со Општинскиот црвен крст и Центарот за социјални грижи.

Меѓу другото, во соработка со овие две институции, успешно беше реализиран проектот за доделување социјални пакети за наши сограѓани кои живеат во потешки социјални услови.

Секторот за јавни дејности зеде учество во бројни семинари и работилници во организација на Министерството за труд и социјални работи, Министерството за правда, Првата детска амбасада Меѓаши итн.

**И оваа година останува минатогодишната констатација дека потребите во дејностите во кои Општина Охрид нема директни надлежности и нема поврат на финансиските средства од централниот буџет (култура,социјална заштита, невладини, млади и спорт) се далеку поголеми од нејзините реални финансиски можности.**

**Со влегување во втората фаза од децентрализација се надеваме дека во текот на оваа 2012 година ќе се надминат финансиските проблеми на општина Охрид.**

**Број 07-685/10-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за периодот од 01.01. до 31.12.2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

| **1** | Јан-Декември континуирано | Проект **SUSTCULT**- Општина Охрид е партнер во проектот во рамките на Транснационалната Програма за Југоисточна Европа. Водечки партнер на Проектот Општина Венеција од Италија. Активности во подготвителната фаза од Проектот: комуникација со партнерите во проектот, подготовка на Документи за Општина Охрид во проектот, комуникација со Делегацијата на Европската Унија во Македонија и Министерството за Локална Самоуправа на Република Македонија | Проект SUSTCULT Одржливост преку интегриран пристап и управување со културното наследство во партнерски однос со Општина Венеција и останати партнери од Италија, Словенија, Грција, Албанија, Романија и Унгарија, како и Регионалната Канцеларија на УНЕСКО од Венеција. Проектот опфаќа 7 градови од 7 различни земји. Подобрувањето на управувањето со културното наследство е приоритет за сите партнери од Проектот. Овој Проект ќе има големо влијание за подигање на свеста за значењето на културното наследство и интегрираното | Водечкиот партнер - Градот Венеција и ERDF партнерите се информирани дека проектот е одобрен од страна на заедничкиот комитет за програмата ЈИЕ на ЕУ.<br><br>Општина Охрид како ИПА партнер, треба да добие информација за одобрување од Европската делегација во Скопје.<br><br>Проектот е во фаза на реализација<br>- Поптпишување на Договор за реализација на проектот со Делегација на ЕУ,<br>- Активности за регистрација на Проектот во СЕИ, и отварање на посебна сметка во Министерство за Финансии,<br>- Формирање на координативно тело за | Врз основа на ИПА регулативата потребно е 15% национално кофинасирање кое ќе биде покриено од Министерството за Локална Самоуправа на РМ ( кое е надлежно за Програмата за Југоисточна Европа и Проектите во рамките на оваа Програма).<br><br>Обезбедено е сопственото кофинансирање |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Финансиска конструкција |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | управување со културното наследство во поширокиот регион на Југоисточна Европа,<br>подигање на капацитетите како<br>и проширување на меѓународната соработка. | реализација на проектот,<br>- Објавен јавен повик за ангажирање на Проектен Менаџер и Сметководител – избор на лица и потпишување на договори,<br>- Online состаноци со партнерите од проектот,<br>Активности за подготовка на Консултативно тело за проектот. | |
| | Април - Јуни | Реализација на партнерски проект **PEIMUSE – Промоција на Европскиот Идентитет преку Музеите** | Проектниот предлог се реализира во рамките на програмата CITIZENSHIP EACEA - Action 1 - Active Citizens for Europe, Measure 1 – Town Twinning, во партнерство со ***Општина Сенигалија, Италија***, како и локални Самоуправи и јавни Институции – Музеи од Франција и Германија. | Во овој период е спроведено студиско патување на делегација од Охрид во Сенигалија, која учествуваше на работилница за Улогата на Музеите во процесот на Европската Интеграција | |

**2. Финансиски извештај за реализација на програмата Г1, за поттикнување на Локалниот економски развој на Општина Охрид за 2011**

- **Секторот за ТЛЕР, согласно своите ингеренции, ги спороведува активностите за имплементација на програмските и проектните активности.**
- **Доколку има потреба од набавки, изготвува само техничка документација која ја доставува до комисијата за јавни набавки која е и надлежна за спроведување на постапката.**
- **Управувањето и следењето на буџетот на службите во општината е во надлежност на одделението за финансии и буџет.**

**3. Реализација на буџет од 01.01.2011 до 31.12.2011 год.**

Детални информации за реализација на програмата Г1, изготвени од одделенито за финансии и буџет се дадени во “Аналитичка картица“.

Прилог:

**“Аналитичка картица“ за програма Г1**

001 Општина Охрид - локална самоуправа буџет d Охридска Банка

## Салда на конта - аналитика

| | Конто | Анл.к-то | | Орг.ед. | Тип док. | Датум | Налог | Тип нал. | Валута | Иск.нал. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Од: | 4 | | | Г1 | | 01.01.11 | | | | |
| До: | 4999999 | | | Г1 | | 31.12.11 | | | ☐ Дев. | |

| Конто | Опис | Почетно дава | Почетно зема | Тековно дава | Тековно зема | Салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | 0.00 | 0.00 | 360,000.00 | 0.00 | 360,000.00 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0.00 | 0.00 | 134,705.00 | 0.00 | 134,705.00 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0.00 | 0.00 | 736,556.00 | 0.00 | 736,556.00 |
| 482910 | Подготвување проекти, вклучувајКИ дизајн | 0.00 | 0.00 | 148,500.00 | 0.00 | 148,500.00 |
| | | 0.00 | 0.00 | 1,379,761.00 | 0.00 | 1,379,761.00 |

08.02.12 Podgotveno so "Visual Accounting 2000", proizvod na ENTER Computer Centre, Ohrid, tel: 046 279 930 Страна 1 од 1

**Број 07- 685/20-1**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /21**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 - 31.12.2011 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01 - 31.12.2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/21**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

# Годишен извештај за реализација на:

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗА ПЕРИОД 01.01.2011 – 31.12.2011 ГОДИНА**

Годишниот извештај ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за локален економски развој и туризам, во периодот од 01.01 до 31.12.2011 год. за реализација на:

- ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2011 – 31.12. 2011 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2011 – 31.12.2011 год.

Одделението за туризам ги вршеше следните активностите неопходни за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот за 2011 год. на Општина Охрид:

1. **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**
2. **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми**
3. **Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**
5. **Развој на информативен систем**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето за оваа година треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 1947 станоиздавачи) и процесот на продолжување на решението за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем (вкупно 1100 продолжени решенија),
- Направени се потребните активности за отпочнување со работа на еден од инфо центрите (локација влез на Охрид кај плаво бели згради)
- Промоција на туристичка понуда на Охрид и регионот во:Српски медиуми (“Национална Ревија Туризам 2011”,“Политика”,ТВ“РТС”,ТВ Пинк, ТВ “КОПЕРНИКУС“) , ТВ “ФОКС“ – Р. Турција, Француските весник “GRAND SUD MAG“, Германски весник “DARMSTADTER ECHO”
- Во функција на поттикнувањето на развојот на туризмот, Одделението за туризам се јавува како организатор и подржувач на настани:”Богојавление-

  Водици” и денот на рибарите,”Ѓомлезијада 2011”,”9 август ден на Св.Климент Охридски”, пречек на делегациите од Р. Турција.

- Организација и учество на меѓународни саеми за туризам во: Утрехт, Охрид, Истанбул, Белград, Софија, Берлин, Будва, Велико Трново, Нови Сад, Крагуевац, ”Зелс-Експо”Скопје.

- За промоција на туризмот на дефинирани целни групи на туристи и саеми, испечатен е промотивен материјал (постери, разгледници, фотоброшури, ќеси,мапи,брошура на манифестации,водич на Охрид) на повеќе јазици : англиски,српски,холандски,турски.

- Објавен Јавен Повик за финансирање на проекти од областа на локалниот економски развој и туризмот за 2011г. и потпишани договори на 11 проектни предлози аплицирани од страна на приватни станоиздавачи од мал обем и 11 проектни предлози аплицирани од здруженија на граѓани. За прв пат во областа на туризмот,од средствата на Јавниот повик беа финансирани проектни идеи на приватни станоиздавачи од мал обем.

- Општина Охрид преку секторот ТЛЕР обезбеди учество на проектот “SUSTCULT“ кој е од меѓународно значење за заштита на културното наследство и кој вклучува уште шест градови од различни држави кои се под заштита на УНЕСКО.

- Развој на информативен систем и поставување на туристички инфо пултови на четири локации : кај Општината, кај автобуската станица, чинар и на плоштад.

***Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1**

…………………………………………………………………..…
Гоце Симоноски
Раководител на Сектор за Туризам и за ЛЕР

# АНЕКС 1

1. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2011 год.

   1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)

   1.2 Промоција на туризам, организирање на настапи и присуство на саеми ,техничка и логистичка поддршка на културни и спортски манифестации во градот

   1.3 Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,

   1.4 Подготовка на проекти и проектно управување

   1.5 Развој на информативен систем

2. Финансиски извештај за реализација на програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2011

   2.1 Реализација на буџет од 01.01.2011 до 31.12.2011 год.
   2.2 Информација за наплата на таксата за привремен престој

3. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2011 год. во однос на 2010 год.), според записници од Општински Инспекторат

**1. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2011 год.**

**1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари-Декември | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи од мал обем | Излегување на терен на комисиите по однапред поднсено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Регистрирани вкупно 1947 станоиздавачи од мал обем од кои 115 нови станоиздавачи се регистрирани за 2011г. |
| 2 | Јануари-Декември | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи од мал обем | За таа цел подготвена документација : изготвување постапка, барање за продолжување на категоризацијата и праќање известување на станоиздавачите на кои им поминал рокот на решението од 3 години. | Вкупно 1100 нови продолжени решенија за категоризација од кои 614 решенија се продолжени во 2011г. |
| 3 | Јануари-Декември | Поставување туристички инфо центри | Одредување на локации за поставување на туристички инфо центри | Направени се потребните активности за отпочнување со работа на еден од |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати |
|---|---|---|---|---|
| | | | | инфо центрите (локација влез на Охрид кај плаво бели згради) |

**1.2 Промоција на туризам, организирање на настапи и присуство на саеми ,техничка и логистичка поддршка на културни и спортски манифестации во градот**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **1.2.1. Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми.** | | | | |
| **1** | Февруари | Промоција во најновиот број на “Национална Ревија Туризам 2011” | Промовиран Охрид со пригодни текстови и фотографии во истоименото списание,кој беше специјално издание за Белградскиот туристички саем. | Испечатени 20000 примероци од кои 15000 на српски и 5000 примероци на англиски јазик кои беа поделени на Белградскиот туристички саем |
| **2** | Февруари | Промоција на Охрид во Белградска “Политика”. | Покрај туризмот,промовирани беа културното наследство,амбиент и старата охридска архитектура | Специјални репортажи објавени пред почетокот, во текот на одржувањето и по завршувањето на Белградскиот туристички саем |
| **3** | Февруари | Промоција на Охрид во Српски медиуми. | Учество на Охридски претставници во емисијата Жикина Шареница на Српската национална | Под мотото “Ве чекаме и оваа година”,продолжи активната промоција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | телевизија РТС и објавени репортажи за Охрид на ТВ Пинк | на Охрид за привлекување на српските туристи |
| **4** | Април | Промоција на Охрид во Францускиот печат | Промовиран Охрид во Францускиот весник “GRAND SUD MAG“ | Објавена репортажа со слики за Македонија и Охрид како важен дел на светското природно и културно наследство |
| **5** | Мај | По повод Денови на Македонската Традиција, промоција на Охрид одржана од 4 до 8 мај во ресторанот “Ковач” во Белград | Промовиран Охрид со пригодни текстови и фотографии на пет страни во реномираното списание “Национална Ревија” | Испечатени 10000 примероци на англиски јазик дистрибуирани во повеќе земји во светот. |
| **6** | Август | Промоција на Охрид во Српски медиум | Промовиран Охрид во ТВ “КОПЕРНИКУС“ | Објавена репортажа за Охрид како важен дел на светското природно и културно наследство |
| **7** | Август | Промоција на Охрид во Турски медиум | Промовиран Охрид во ТВ “ФОКС“ | Објавена репортажа за Охрид и убавините на Охрид |
| **8** | Ноември | Промоција на Охрид во Германски печат | Промовиран Охрид во угледниот Германски весник “DARMSTADTER ECHO” | Објавена репортажа под наслов” Балканскиот бисер на прастарото езеро” |
| **1.2.2 Соработка со странски туроператори** | | | | |
| **1** | Јануари | Организирана посета на српски туроператори и новинари | Во организација на Општина Охрид организирана посета на српски новинари, по повод големиот Христијански празник Богојавление, | Привлекување на туристите и во зимскиот период, за континуиран развој на туризмот преку целата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 17-20 јануари 2011 год. | година. |
| **2** | Април | Интернационална средба на туристички асоцијации | Во организација на Општина Охрид,Стопанската комора за туризам и Министерството за економија, организираа Интернационална средба на туристички асоцијации во период од 1 до 3 април 2011 | На ИСТА учествуваа тур. Асоцијации од Србија, Хрватска и Словенија, кои имаа можност да ги разгледаат туристичките потенцијали на Охрид, Струга и Вевчани |
| **1.2.3. Презентација на меѓународни туристички берзи** | | | | |
| **1** | Јануари-Декември | Меѓународен Саем за Туризам во Утрехт- Холандија 13-17 јануари,<br>Меѓународен Саем за Туризам во Охрид 17-19 јануари,<br>Меѓународен Саем за Туризам во Истанбул- Турција 10-13 февруари,<br>Меѓународен Саем за Туризам во Софија – Бугарија 17-19 февруари,<br>Меѓународен Саем за Туризам во Белград - Србија 23 - 27 февруари,<br>Меѓународен Саем за Туризам во Берлин – Германија 09-13 март,<br>Меѓународна Туристичка берза и саем во Будва- Црна Гора 24-26 март, | Организирање и подготовка за саеми | Успешно учество на претставници од Општина Охрид-Секторот за ТЛЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Меѓународен Саем “Културен Туризам” 2011 во Велико Трново -Р.Бугарија,13-16 април,<br>Меѓународен Саем во Нови Сад-Србија 28.09-02.10.2011,<br>Меѓународен саем за туризам и селски туризам во Крагуевац-Србија 24-26 ноември,<br>Саем на општини Зелс-Експо-Скопје 25-26. ноември | | |
| **2** | Јануари - Март | Припремање на тендер за ангажирање на туристичка агенција за организирање на саеми | Изготвена техничка документација | Објавен тендер за ангажирање тур.агенција за организирање на саеми |
| **1.2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи** | | | | |
| **1** | Јануари | Поддршка на организацијата на манифестацијата “Богојавление – Водици“ и денот на рибарите, | За оваа голема манифестација која се одржуваше од 19-20 јануари 2011 беа поканети и присуствуваа видни личности и делегации од повеке странски земји | Преку ваквите манифестации и празници се настојува да се привлечат посетители и туристи со што Охрид би станал туристичка дестинација и во зима |
| **2** | Јуни | 18 јуни “Ѓомлезијада Св.Спас – Г.Лакочереј” | Припрема и организација на третата по ред Ѓомлезијада, која прерасна во традиционална манифестација | Манифестацијата се одржа во Св.Спас ,Горно Лакочереј на која учествуваа над 20 учеснички и имаше |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | понуда на богата културна и музичка програма за гостите и туристите. |
| **3** | Јули | Учество на меѓународен фестивал во Јалова – Р. Турција, 15-21 Јули | Заедно со фолклорното друштво “Филиграни“ учествувавме на фестивалот на кој беа промовирани македонскиот фолклор и македонската традиционална кујна | Зајакнување на соработка помеѓу двата збратимени града во културен план |
| **4** | Август | 9 Август ден на Св. Климент Охридски | По повод празникот Св. Климент Охридски беше пречекана делегација од Јалова – Р. Турција | Зајакнување на соработката помеѓу збратимените града |
| **5** | Август | Пречек на делегација од Р. Турција | Пречек на пратеници од Анкара и запознавање со градот Охрид | Промоција на Охрид и можност за започнување на нови соработки. |

1.3 **Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда**,

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари-Декември | Печатење на промотивен материјал | Доставен промотивен материјал (постери, разгледници, фотоброшури, ќеси,брошура на манифестации,мапи,водич на Охрид) за одделни сегменти од туристичката понуда.Фотоброшури испечатени на повеќе јазици(англиски, српски, холандски и турски јазик) | Промотивни м-ли искористени за што поефикасно претставување на туристичката понуда на град Охрид |

**1.4 Подготовка на проекти и проектно управување**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари-Декември | Реализација на проектни активности согласно дефинираните приоритети предвидени со стратегијата за локален економски развој и туризам на Општина Охрид за 2011 година. | По изготвениот и објавен јавен повик за финансирање на проекти од обласа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2011 г. потпишани се договори од страна на апликантите на проектните предлози кои успешно ја поминаа административната сооддветност и техничката евалуација и тоа 11 од невладини организации и 11 од страна на приватни станоиздавачи од мал обем | По имплементацијата на проектните предлози доставени наративни и финансиски извештаи од страна на апликантите,од кои тие што добија позитивни наоди и забелешки се доставени до одд.за финасии за исплата . |
| **2** | Јануари-Декември | Општина Охрид, преку секторот ТЛЕР се приклучува кон Центарот за светско наследство и УНЕСКО членките како и Агенциите на Обединетите Нации во | Времетраењето на проектот “SUSTCULT“ е 3 години во кои се вклучени уште шест земји: Словенија, Романија, Грција,Албанија, Украина и Италија. Проектот се реализира преку седум работни пакети при што | Во првата година од проектов реализирани се повеќе активности од четирите работни пакети, формирано е Консултативно тело кое е составено од заинтересирани |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | рамките на проектот “SUSTCULT“. | крајна цел е подигнување на свеста за значењето на културното наследство и изработка на планови за управување со културното наследство преку заедничка методологија. | страни на локално ниво кои понатаму се инволвирани и имаат голема важност за успешна имплементација на активностите кои следат во наредните работни пакети. |

**1.5 Развој на информативен систем**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари-Декември | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи |
| 2 | Јануари-Декември | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и изнаоѓање на диви туристички водичи и тур.агенции |
| 3 | Јануари-Декември | Евиденција регистрација и контрола на податоци од Општинскиот Инспекторат | Редовно ажурирање на податоци за наплата на Туристичка Такса за привремен Престој, како и податоци за ноќевања на домашни и странски посетители | Контрола на наплата на ТПП |
| 4 | Јануари-Декември | Поставување туристички инфо пултови | Одредување на десет различни локации на кои ќе бидат поставени туристички инфо пултови и бесплатно рекламирање на сите институции и физички лица | Поставени туристички инфо пултови на четири локации: кај Општината, кај автобуската станица, чинар и на плоштад. |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати |
|---|---|---|---|---|
| | | | од Охрид на новата веб страна www.ipult.info | |

**2. Финансиски извештај за реализација на програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за 2011**

- **Секторот за ТЛЕР, согласно своите ингеренции, ги спороведува активностите за имплементација на програмските и проектните активности.**
- **Доколку има потреба од набавки, изготвува само техничка документација која ја доставува до комисијата за јавни набавки која е и надлежна за спроведување на постапката.**
- **Управувањето и следењето на буџетот на службите во општината е во надлежност на одделението за финансии и буџет.**

**2.1 Реализација на буџет од 01.01.2011 до 31.12.2011 год.**

Детални информации за реализација на програмата Г2, изготвени од одделенито за финансии и буџет се дадени во “Аналитичка картица“.

Прилог:

**“Аналитичка картица“ за програма Г2**

001 Општина Охрид - локална самоуправа буџет d Охридска Банка

## Салда на конта - аналитика

| | Конто | Анл.к-то | | Орг.ед. | Тип док. | Датум | Налог | Тип нал. | Валута | Иск.нал. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Од: | 4 | | | Г2 | | 01.01.11 | | | | |
| До: | 4999999 | | | Г2 | | 31.12.11 | | | Дев. | |

| Конто | Опис | Почетно дава | Почетно зема | Тековно дава | Тековно зема | Салдо |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 420220 | Патување во странство-патни расходи | 0.00 | 0.00 | 90,000.00 | 0.00 | 90,000.00 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0.00 | 0.00 | 30,000.00 | 0.00 | 30,000.00 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0.00 | 0.00 | 228,080.00 | 0.00 | 228,080.00 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0.00 | 0.00 | 115,903.00 | 0.00 | 115,903.00 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и х | 0.00 | 0.00 | 42,200.00 | 0.00 | 42,200.00 |
| 425130 | Изнајмување на друг тип на простор | 0.00 | 0.00 | 3,977,442.00 | 0.00 | 3,977,442.00 |
| 425790 | Договорни образовни услуги (семинари, кон | 0.00 | 0.00 | 18,000.00 | 0.00 | 18,000.00 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0.00 | 0.00 | 1,378,079.50 | 0.00 | 1,378,079.50 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0.00 | 0.00 | 149,200.00 | 0.00 | 149,200.00 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0.00 | 0.00 | 588,164.50 | 0.00 | 588,164.50 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0.00 | 0.00 | 646,231.00 | 0.00 | 646,231.00 |
| 482910 | Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн | 0.00 | 0.00 | 65,000.00 | 0.00 | 65,000.00 |
| 485230 | Компјутерски софтвер | 0.00 | 0.00 | 350,000.00 | 0.00 | 350,000.00 |
| | | 0.00 | 0.00 | 7,678,300.00 | 0.00 | 7,678,300.00 |

08.02.12 Podgotveno so "Visual Accounting 2000", proizvod na ENTER Computer Centre, Ohrid, tel: 046 279 930 Страна 1 од 1

## 2.2 Информација за наплата на таксата за привремен престој

Според податоците од одделението за финансиии буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2011 до 31.12.2011** година е следна :

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | **124128** | **25312** | **149440** |
| **2** | **Февруари** | **177520** | **68536** | **246056** |
| **3** | **Март** | **133656** | **44400** | **178056** |
| **4** | **Април** | **505920** | **18336** | **524256** |
| **5** | **Мај** | **415264** | **54912** | **470176** |
| **6** | **Јуни** | **342725** | **35584** | **378309** |
| **7** | **Јули** | **1306008** | **91960** | **1397968** |
| **8** | **Август** | **1914272** | **387492** | **2301764** |
| **9** | **Септември** | **2539648** | **467544** | **3007192** |
| **10** | **Октомври** | **1047360** | **134008** | **1181368** |
| **11** | **Ноември** | **663286** | **92492** | **755778** |
| **12** | **Декември** | **315453** | **62464** | **377917** |
| | **ВКУПНО 80%** | **9485240** | **1443110** | **10928350** |
| | **ВКУПНО 100%** | **11856549** | **1853800** | **13710349** |

### Приход од такса за привремен престој по месеци

**Во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 13.710.349,00денари,100% од вкупната наплата на ТПП.**

**Споредба :**

**За споредба во 2010 година за истиот период од Такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 14.692.809,00ден. при што може да се забележи дека наплатата за 2011 година е 6,7 % намалена од лани.**

**3. Извештај за туристичкиот промет ( споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2011 год. во однос на 2010 год.)**

| | РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА) | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Месец | Дом. Ноќевања | | Однос % | Стр.Ноќевања | | Однос% | Вкупно Ноќевања | | Однос % |
| | | 2010 | 2011 | 2011/10 | 2010 | 2011 | 2011/10 | 2010 | 2011 | 2011/10 |
| 1 | јануари | **3134** | **2119** | 67.6 | **2594** | **3418** | 131.8 | **5728** | **5537** | 96.7 |
| 2 | февруари | **4754** | **4947** | 104.1 | **3553** | **3148** | 88.6 | **8307** | **8095** | 97.4 |
| 3 | март | **2625** | **2997** | 114.2 | **4183** | **6143** | 146.9 | **6808** | **9140** | 134.3 |
| 4 | април | **6324** | **7892** | 124.8 | **10965** | **8610** | 78.5 | **17289** | **16502** | 95.4 |
| 5 | мај | **12275** | **12357** | 100.7 | **18619** | **19809** | 106.4 | **30894** | **32166** | 104.1 |
| 6 | јуни | **17148** | **24304** | 141.7 | **19836** | **28754** | 145.0 | **36984** | **53058** | 143.5 |
| 7 | јули | **64388** | **64789** | 100.6 | **26915** | **54994** | 204.3 | **91303** | **119783** | 131.2 |
| 8 | август | **60196** | **49135** | 81.6 | **28108** | **48135** | 171.3 | **88304** | **97270** | 110.2 |
| 9 | септември | **10338** | **17329** | 167.6 | **18969** | **30428** | 160.4 | **29307** | **47757** | 163.0 |
| 10 | октомври | **8778** | **9635** | 109.8 | **9666** | **14438** | 149.4 | **23216** | **24073** | 103.7 |
| 11 | ноември | **2499** | **3199** | 128.0 | **3954** | **3591** | 90.8 | **6453** | **6790** | 105.2 |
| 12 | декември | **3018** | **2844** | 94.2 | **4341** | **4138** | 95.3 | **7359** | **6982** | 94.9 |
| | ВКУПНО | **195477** | **201547** | 103.1 | **151703** | **225606** | 148.7 | **347180** | **427153** | 123.0 |

**Согласно информацијата изготвена од Општинскиот Инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2011 год (Јануари - Декември ) во однос на 2010 год (Јануари - Декември), е зголемен за 23 % и тоа : кај домашните ноќевања има зголемување за 3,1% , а за странските има зголемување за 48,7 %.**

**Број 07-685/21-1**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Територијалната противпожарна единица Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /22** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА –ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.12.2011 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за работа на територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01-31.12.2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 685/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ ТППЕ – Охрид го изготвува следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД (ТППЕ) ЗА 2011 ГОДИНА, ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2011 ДО 31.12.2011 ГОДИНА**

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во 2011 година ги изврши и превзеде следните активности:

## I. ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

ТППЕ Охрид во текот на 2011 година изврши вкупно 246 интервениции за гаснење на пожари и тоа:

- пожари на објекти - 93 интервенција;
- пожари на отворен простор - 137 интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 16 интервенции.

Пожарите се појавени и интервенциите за гаснење на пожарите се извршени на подрачјето на Општина Охрид (87,4%), Општина Дебарца (11,4%) и Општина Струга (1,2%).

1. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Охрид

На подрачјето на Општина Охрид (градот со населените места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 215 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| Охрид | 82 | 55 | 11 |
| с. Велгошти | - | 2 | - |
| с. Лескоец | 1 | 8 | 1 |
| с. Косел | 2 | 6 | - |
| с. Шипокно | - | 2 | - |
| с. Вапила | - | 3 | - |
| с. Рамне | - | 1 | - |
| Автокамп Андон Дуков | 1 | 4 | - |
| с. Д. и Г. Лакочереј | 1 | 6 | - |
| с. Подмоље | - | 10 | 2 |
| с. Свињишта | - | 2 | - |
| с. Опеница | - | 2 | - |
| с. Велестово | - | 1 | - |
| с. Скребатно | - | 1 | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| нас. Рача | - | 2 | - |
| с. Трпејца | - | 1 | - |
| с. Љубаништа | - | - | 1 |
| Автокамп Градиште | - | 1 | - |
| депонија Буково | - | 6 | - |
| **ВКУПНО:** | **87** | **113** | **15** |

2. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Дебарца

На подрачјето на Општина Дебарца (сите населени места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 28 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| с. Велмеј | - | 1 | - |
| с. Волино | - | 1 | - |
| с. Горенци | - | 2 | - |
| с. Мешеишта | - | 4 | - |
| с. Оровник | - | 3 | - |
| с. Требеништа | 1 | 3 | - |
| с. Издеглавје | - | 1 | - |
| с. Климештани | - | 1 | 1 |
| с. Црвена Вода | - | 1 | - |
| с. Белчишта | - | 1 | - |
| с. Слатино | 1 | 2 | - |
| с. Лактиње | - | 1 | - |
| с. Врбјани | - | 2 | - |
| с. Ново Село | - | 1 | - |
| с. Лешани | 1 | - | - |
| ВКУПНО: | 3 | 24 | 1 |

3. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Струга

На подрачјето на Општина Струга (со населените места) ТППЕ Охрид изврши асистенција при гаснење пожари на ТППЕ Струга на вкупно 3 пожари прикажани во следната табела.

| Населено место | пожари на објекти | пожари на отворен простор | пожари на сообраќајни средства |
|---|---|---|---|
| с. Ново Село | 1 | - | - |
| с. Дабовјани | 1 | - | - |
| с. Горно Татеши | 1 | - | - |
| ВКУПНО: | 3 | - | - |

На сите интервенции за гаснење на пожарите во 2011 година настаната е материјална штета на 13 пожари од сите видови во вкупна вредност од 3.900.000,оо денари (не земајќи ја штетата настаната во Општина Струга), и тоа:

- Материјалната штета во Општина Охрид на 9 пожари изнесува 1.150.000,оо денари и тоа:

  а) на објекти 520.000,оо денари

  б) на сообраќајни средства 630.000,оо денари

- Материјалната штета во Општина Дебарца на 4 пожари изнесува 2.750.000,оо денари.

  а) на објекти 2.150.000,оо денари

  б) на сообраќајни средства 600.000,оо денари

На вкупниот број на пожари и интервенции на ТППЕ Охрид во 2011 година сопственоста на објектите и просторот е:

- во приватна сопственост - 153 и ( материјална штета 3.880.000,оо денари)
- во државна сопственост - 93. ( материјална штета 20.000,оо денари)

Од сите опожарени објекти и простори во 2011 година на кои интервенираше ТППЕ Охрид осигурани по основ штета од настанат пожар се само 2 објекти во приватна сопственост.

За сите опожарени објекти и простори во 2011 година констатиран е следниот начин на предизвикување:

- намерно палење - 95 пожари
- невнимание - 141 пожари
- детска игра - 1 пожар
- неутврдено - 9 пожари

За сите опожарени објекти и простори во 2011 година констатирани се следните причини за појава на пожарите:

- употреба на отворен пламен - 139 пожари
- употреба на ложиште-огниште - 64 пожари
- електрични проводници - спој - 1 пожар
- електрични уреди и апарати - 12 пожари
- проводници загреани со оптеретување - 16 пожари
- триење - 1 пожар
- самозапалување - 1 пожар
- останати причини - 3 пожари
- неутврдено - 9 пожари

Од пожарите на објекти во текот на 2011 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови објекти:

| | | |
|---|---|---|
| - станбена зграда | - | 68 пожари |
| - станбено-работна зграда | - | 1 пожар |
| - земјоделски објекти | - | 2 пожари |
| - шупа | - | 2 пожари |
| - барака | - | 2 пожари |
| - занаетчиски дуќан | - | 1 пожар |
| - гаража | - | 1 пожар |
| - трговски дуќан | - | 2 пожари |
| - угостителски објект | - | 5 пожари |
| - хотел-мотел-камп | - | 4 пожари |
| - производствен погон | - | 1 пожар |
| - трансформаторски станици | - | 2 пожари |
| - останати градежни објекти | - | 1 пожар |
| - останати магацини | - | 1 пожар |

Од пожарите на отворен простор во текот на 2011 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните површини и количини отворен простор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - пожари во шуми | - 23 пожари | - | 58,07 хектари |
| - пожари на земјоделски површини | - 27 пожари | - | 15.94 хектари |
| - депонии и друго на отворен простор | - 87 пожари | - | 6,04 хектари |
| | | вкупно: | 80,05 хектари |

Од пожарите на сообраќајни средства во текот на 2011 година, ТППЕ Охрид интервенираше на следните видови возила:

- патнички моторни возила - 14 интервенции ( материјална штета 380.000,оо )

- работна машина + (работна машина - комбајн опожарен и заведен во интервенциите на отворен простор) - 1 интервенција ( материјална штета 550.000,оо )

- пловни објекти - 1 интервенција ( материјална штета 300.000,оо )

Пожарите во текот на 2011 година појавени се во следните временски интервали:

| | |
|---|---|
| - од 06 часот до 14 часот | - 77 пожари |
| - од 14 часот до 20 часот | - 117 пожари |
| - од 20 часот до 06 часот | - 52 пожари |

ТППЕ Охрид, дежурната интервентна група, од моментот на пријавата на пожарот до местото - локацијата на појавениот пожар има пристигнато за следното времетраење:

- за време до 5 минути - 126 пожари

- за време од 6 до 10 минути - 48 пожари
- за време од 11 до 15 минути - 21 пожари
- за време над 15 минути во град - 5 пожари
- за време над 15 минути вон град - 46 пожари

Ширењето на пожарите во објектот и на други објекти и простори спречено, односно локализирано е за следното време:

- за време до 5 минути - 83 пожари
- за време од 6 до 15 минути - 84 пожари
- за време од 16 до 30 минути - 42 пожари
- за време над 30 минути на градежни објекти - 12 пожари
- за време над 30 минути на отворен простор - 25 пожари

Од моментот на пристигнување на лице место, пожарите се изгаснати, односно ликвидирани за следното времетраење:

- за време до 1 час - 201 пожари
- за време од 1 до 2 часа - 29 пожари
- за време над 2 часа на градежни објекти - 8 пожари
- за време над 2 часа на отворен простор - 8 пожари

Пожарите во текот на 2011 година гаснети се со следниот број противпожарни возила:

- со 1 противпожарно возило - 223 пожари
- со 2 противпожарни возила - 18 пожари
- со 3 противпожарни возила - 4 пожари
- со 4 противпожарни возила - 1 пожар

За гаснење - локализирање и ликвидирање на пожарите во текот на 2011 година интервенирано е со следниот број пожарникари:

- со група до 3 пожарникари - 219 пожари
- со група од 4 до 7 пожарникари - 25 пожари
- со група од 8 до 12 пожарникари - 2 пожари

Во гаснењето на пожарите како помош во тактичкиот настап учествувале и: 82 граѓани, 32 работници од ЈП за стопанисување со шуми и 12 работници од други претпријатија или вкупно 126 учесници.

Споредено со 2010 година ТППЕ Охрид во 2011 година имаше 68 пожари и интервенции повеќе (178 во 2010 г., а 246 во 2011 г.)

**II. ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ**

Во текот на 2011 година ТППЕ Охрид во ситуации од потреба на спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши 19 технички интервенции и тоа:

| | |
|---|---|
| - интервенции во услови на сообраќајни незгоди | - 5 интервенции |
| - интервенции за спасување од височини | - 2 интервенции |
| - интервенции за отворање на заклучени објекти | - 8 интервенции |
| - обезбедување и санирање на состојби после несреќи | - 3 интервенции |
| - други интервенции | - 1 интервенција |

Техничките интервенции се извршени со 19 ПП возила и 64 пожарникари, од кои:

| | |
|---|---|
| - успешно завршени за време до 1 час | - 14 интервенции, |
| - за време од 1 до 2 часа | - 2 интервенции |
| - со времетраење над 2 часа | - 3 интервенции |

Сите технички интервенции се реализирани за време од 22,5 часа, при што се остварени вкупно 64 работни часа.

**III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ТППЕ ОХРИД**

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето во Општина Охрид и Општина Дебарца во одредени случаи на потреба, задолженија, барања и наредби, ТППЕ Охрид во текот на 2011 година изврши 33 други активности и услуги и тоа:

| | |
|---|---|
| - обезбедување на спортски натпревари | - 1 интервенција |
| - обезбедување објекти и други простори | - 5 интервенции |
| - носење техничка вода и вода за пиење | - 3 интервенции |
| - други акт. и услуги - чистење на простори со млазеви вода | - 24 интервенции |

Сите претходно наведени активности ТППЕ Охрид ги изврши со 35 ПП возила и 89 пожарникари, за време од 105 часа при што се остварени вкупно 350 работни часови.

Во текот на 2011 година пред почетокот на летната сезона во Гарнизонот на АРМ во Охрид на повеќе од 200 слушатели извршено е теоретско и практично презентирање на противпжарната заштита со посебен акцент на превентивната заштита од пожари, пожари на отворен простор и тактички дејствувања при гаснење на таквите пожари.

Во текот на 2011 година преку јавните електронски медими од Охрид, во повеќе наврати пред летна и зимска сезона извршено е презентирање на противпожарната заштита и култура во смисла за подобро запознавање на граѓаните на Општина Охрид, Дебарца и пошироко, со причините за појава на пожарите од сите видови посебно на објекти и отворен простор и постапка при појава на пожар за спречување на пожарот во било кое време и место.

Согласно Годишниот план за стручно оспособување и усовршување на работниците во ТППЕ Охрид, а врз основа на распоредот за работа и работни време реализирани се сите планирани теоретско-практични активности.

Согласно Правилникот за правилата за вршење на службата, како и минималните критериуми за сместување, техничката опрема и средства за гаснење на пожарите со кои треба да располагаат противпожарните единици, во ТППЕ Охрид во текот на 2011 година се превземани планирани редовни и непланирани вонредни активности за одржување во исправна состојба на техниката и опремата заради навремено стручно и безбедно интервенирање и извршување на работните обврски во секој момент на потреба.

Земајќи ги предвид реализираните активности од доменот на работата и појавените непланирани активности од доменот на работата на ТППЕ Охрид и вон тоа, стручната оспособеност на работниците во единицата е одржана на високо ниво за пружање на навремена стручна и професионална помош и заштита на граѓаните во подрачјето кое го заштитува и пошироко.

**Број 07- 685/22-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2011 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2011 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2011 год .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 685/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ**

**ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2011 ГОДИНА**

Согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, до имателот на информации-Општина Охрид, преку овластеното службено лице-Васил Ложанкоски, во периодот **01**.јануари-31.декември 2011 беа испратени 27 барања.
Постапувано е по сите 27 барања и во законски утврдениот рок доставена е потребната информација до барателите. Нема ниту едно барање кое е отфрлено или на кое делумно е одговорено.
Во најголем број, барањата се испратени по пошта-19, а на официјалната електронска адреса (vasillozankoski@ohrid.gov.mk) доставени се 8 барања и на истите соодветно на потребата на барателот, информациите им се испратени по пошта или пак по електронски пат.
Сите барања доставени во текот на 2011 година беа сервисирани во законскиот рок, а до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер не е доставена ниту една жалба, ниту пак е заведен управен спор заради нарушување на ова законско право на граѓаните.

Според областа на интерес за добивање на информации од општина Охрид, во текот на 2011 година доминирале прашањата од правната регулатива-13, од комуналната сфера-6 од урбанизмот и финансиите по 4.
Годишниот извештајот за 2011 година со бараните податоци до Комисијата за ЗПСПИЈК испратен е во законскиот рок.

**Број 07-685/23-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 31.12.2011 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /24** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 13 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07.-31.12.2011 ГОД.

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07.-31.12.2011 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07 – 685/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ ВЕЛГОШТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање мислење на планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година на ОУ „Живко Чинго“ Велгошти , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /25** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од Основните училишта бр. 10-4061/1 од 01.11.2010 година, член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „ЖИВКО ЧИНГО“ С.ВЕЛГОШТИ**

**Член 1**

Се дава **позитивно мислење** на Планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година, на ОУ „ Живко Чинго“ с.Велгошти .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/25** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с. ЛЕСКОЕЦ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање мислење на планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната2011-2012 година на ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од Основните училишта бр. 10-4061/1 од 01.11.2010 година, член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „ ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ С. ЛЕСКОЕЦ**

**Член 1**

Се дава **позитивно мислење** на Планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година, на ОУ „ Ванчо Николески“ с. Лескоец .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање мислење на планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година на ОУ „Кочо Рацин“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /27** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од Основните училишта бр. 10-4061/1

од 01.11.2010 година, член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „КОЧО РАЦИН“ ОХРИД**

**Член 1**

Се дава **позитивно мислење** на Планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година, на ОУ „ Кочо Рацин“ Охрид .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/27** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање мислење на планот за изведување на училишни екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година на ОУ „Братство Единство“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /28** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 7 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од Основните училишта бр. 10-4061/1 од 01.11.2010 година, член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ И ДРУГИ СЛОБОДНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2011-2012 ГОДИНА НА ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ ОХРИД**

**Член 1**

Се дава **позитивно мислење** на Планот за изведување на училишните екскурзии и други слободни активности во учебната 2011-2012 година, на ОУ „Братство единство“ Охрид .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/28** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување и и дополнување на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /29** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид” бр.8/07 и 1/08 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување и дополнување на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Охрид**

**Член 1**

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Охрид бр. 07-2285/10 од 14.09.2009 година, во членот 5 став (1), точка 1, алинејата 3 се брише.

Во членот 5 став (1) точка 2 се менува и гласи: **Сектор за финансиски прашања**, алинеата 1 се менува и гласи: **Одделение за буџетска координација,** алинејата 2 се менува и гласи: **Одделение за буџетска контрола**, алинејата 3 се манува и гласи: **Одделение за сметководство и плаќања** и алинејата 4 се менува и гласи: **Одделение за јавни набавки**.

Во членот 5 став (1) по точка (2) се додава нова точка (3), која гласи: **Сектор за даноци и комунални такси;**

- **Оделение за даноци;**
- **Одделение за комунални такси;**

Точките: 3,4,5,6,7,8,9,10, и 11 стануваат точки: 4,5,6,7,8,9,10,11 и 12.

**Член 2**

Во член 6 став (1) се бришат зборовите: „ јавните набавки во општината“ и точката (1-3) се брише .

**Член 3**

Во член 7 точката (2) се менува и гласи:

**Секторот за финансиски прашања** ги врши работите што се однесуваат на:
следење и примена на законите и подзаконските акти од областа на буџетското и материјално - финансиското работење, управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на субјектот утврдени со буџетот, подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот за субјектот, подготовка на стратешкиот план на субјектот , измена и дополнување на буџетот и стратешкиот план на субјектот, контрола на подготовката и извршувањето на буџетот, спроведува ex-ante и ex-post финансиска контрола, изготвувањето на финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за субјектот, органите во состав и единките корисници на

субјектот,следењето на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на субјектот, сметководствено евидентирање за извршувањето на буџетот и подготвување на годишна сметка, подготовка на Годишен финансиски извештај, освен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија, кој го подготвува одделението за внатрешна ревизија, а е составен дел од овој извештај, согласно член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 90/09), благајничко работење, подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација , пресметувањето и исплатата на платите на вработените во субјектот, примената на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки, следењето и согледувањето на потребите од набавки во субјектот со органите и подрачните единици во негов состав, изготвувањето на годишен план за јавните набавки и негова реализација , други работи од областа на финансиското управување и контрола и врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 4**

Во член 7 точката (2-1) се менува и гласи: **Одделението за буџетска координација:**
-го координира процесот за подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план на субјектот;
- го координира процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола;
- давање предлози за воспоставување/укинување на ex ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското управување и контрола;
- задолжително дава мислења по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот;
- изготвува план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот;
- следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење
- дава мислење по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлог актите на други субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот
- подготовка на извештај за реализирани програми, проекти и договори;
- подготовка на извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;
- вршење на самопроценки на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола;
- Подготовка на Годишниот финансиски извештај од член (47) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 5**

Во член 7 точката (2-2) се менува и гласи гласи: **Одделението за буџетска контрола:** врши контрола на извршувањето на буџетот;

- врши контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процес на финансиското управување и контрола);
- ја следи реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведува ex ante и ex post финансиска контрола - вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и друго и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки;)
- изготвува информации и извештаи за извршувањето на буџетот;
- ја следи и применува законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства) од областа на финансиското управување и контрола;
- врши контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 6**

Во член 7 точката (2-3) се менува и гласи: **Одделението за сметководство и плаќања:**

- го спроведува сметководствено евидентирање за извршување на буџетот/финансискиот план и подготвувањето на годишна сметка (биланс на состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи);
- врши сметководствено евидентирање на основните средства на субјектот, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски;
- врши буџетското и финансиското известување;
- заштита на средствата и обврските чија вредност е евидентирана во билансот на состојба;
- изготвува годишни, квартални и месечни финансиски планови за буџетот на субјектот и неговите органи во составни единки корисници согласно законските прописи;
- врши ex ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пишаните процедури за сметководствените процеси;
- ја следи и применува законската регулатива од областа на сметководствено, материјално и финансиско работење;
- врши секојдневно водење на благајнички работи и трезор;
- врши пресметка и исплата на платите на вработените и
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 7**

Во член 7 точката (2-4) се менува и гласи: **Одделението за јавни набавки:**

-Ја следи и применува законската регулатива од областа на јавните набавки;
- ги подготвува интерни акти/процедури за јавни набавки;
- врши координација на потребите за јавни набавки во субјектот и подготовка на годишен план за јавни набавки;
- го следи извршувањето на годишниот план за јавни набавки;
- врши подготовка на решенија/одлуки за јавна набавка и договори и барања согласности за јавни набавки;
- врши подготовка на огласи за јавни набавки и тендерска документација;

- ја води евиденцијата на јавните набавки што се вршат во субјектот по видови на постапки и евиденции на другите набавки по видови
- ги изготвува договорите за јавните набавки;
- ја координира , изготвува и ја следи реализцијата на порачките согласно склучените договори за јавни набавки;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 8**

По членот 7 се додава нов член 7 а, кој гласи: (3) **Секторот за даноци и комунални такси** ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со даноци кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; ја следи наплатата на даноците; подготвува извештаи и информации за состојбите во обласната на даноците; се грижи за извршување и присилна наплата на даноците; ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината; ја следи наплатата на комуналните такси; подготвува извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси; се грижи за извршување и присилна наплата на комуналните такси и врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(3-3) **Одделението за даноци:**

- ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со даноци кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината;
- ја следи наплатата на даноците;
- подготвува извештаи и информации за состојбите во областа на даноците;
- се грижи за извршување и присилна наплата на даноците;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

(3-4) **Одделението за комунални такси:**

- ги врши работите што се однесуваат на облог на обврзниците со комунални такси кои согласно закон претставуваат извори на финансирање на општината;
- ја следи наплатата на комуналните такси;
- подготвува извештаи и информации за состојбите во областа на комуналните такси;
- се грижи за извршување и присилна наплата на комуналните такси;
- врши и други работи што ќе му бидат доверени од страна на Советот и Градоначалникот.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл.гласник на општина Охрид, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Број 07-685/29** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за долгорочно задолжување на општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685/30**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр. 5/02),член 30 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.61/04 и 96/04 и Сл.весник на РМ бр.67/07) и член 18 од Статутот на општина Охрид (Службен гласник на општина Охрид бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОЛГОРОЧНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** Општина Охрид да спроведе постапка за долгорочно задолжување во висина до 360.000.000 денари со намена на средствата за исплата на обврски по основ извршни решенија со кои е блокирана сметката.

**Член 2**

Вкупниот износ на годишниот ануитет за отплаќање на долгот да не надминува повеќе од 15% од основниот буџет на општината во претходната фискална година.

**Член 3**

При набавката на средствата утврдени во член 1 од оваа Одлука да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 4**

Со оваа одлука се одобрува Градоначалникот да ги превземе сите дејствија за спроведување на одлуката.

**Член 5**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука , престанува да важи Одлуката за долгорочно задолжување на општина Охрид бр. 07-939/3 од 23.03.2011 год. објавена во „Службен гласник на општина Охрид бр. 4/11.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 685/ 30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012-2014 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид за 2012-2014 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /31** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012-2014 ГОДИНА**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за енергетска ефикасност на општина Охрид за 2012-2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.02.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

***ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2012-2014***

Припремено од:

# Општина Охрид
# Република Македонија

**Февруари, 2012 год.**

**СОДРЖИНА**

## Предговор

**КРАТКО РЕЗИМЕ....................................................................................4**

**1. ВОВЕД...................................................................................................10**

1.1 ОПШТИНА ОХРИД...........................................................................................10

1.2 СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД.........................................................................11

1.3 ПОСТАПКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ.........................12

1.4 ПРАВНА РАМКА...............................................................................................17

**2. СЕГАШНА ЕНЕРГЕТСКА СОСТОЈБА...........................................................18**

2.1 ПРОИЗВОДСТВО И СНАБДУВАЊЕ СО ЕНЕРГИЈА...........................................................18

2.2 БАЗА НА ПОДАТОЦИ И ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ...........................................................19

2.3 ОБЈЕКТИ И ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА ВО ОПШТИНАТА.......................................................21

2.4 ОСНОВНИ ПРОЦЕНИ..........................................................................................22

2.5 ВКУПЕН ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ......................................................23

2.6 ПРЕПОРАКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛЕНИЕ ВО ОПШТИНАТА.......................................................................28

2.7 ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ОПШТИНАТА..28

**3. ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ..........................................................................30**

3.1 ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ...........................................................................................30

3.2 СРЕДНОРОЧНИ ЦЕЛИ..........................................................................................31

3.3 ЦЕЛИ ЗА 2012 ГОДИНА (АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА 2012 ГОДИНА).............................................31

**4. ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ 2012 - 2014.............................32**

4.1 АКТИВНОСТИ И ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД.....................................................................32

4.2 ИНВЕСТИЦИИ...................................................................................................35

4.3 ЗАШТЕДИ........................................................................................................37

4.4 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНА СРЕДИНА.........................................................................39

4.5 ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УСЛУГИТЕ НА ОПШТИНАТА.......................................40

4.6 ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРИДОБИВКИ.................................................................................40

**5. ФИНАНСИСКИ ПЛАН.............................................................................41**

5.1 ФИНАНСИСКА ШЕМА...........................................................................................41

5.2 ПЛАН ЗА ФИНАНСИРАЊЕ......................................................................................41

**6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА........................42**

6.1 УЧЕСНИЦИ И ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА (ТИМ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ)................42

**7. КОНТРОЛА НА ПРОГРАМАТА, ПРОЦЕНА И ИЗВЕСТУВАЊЕ...................44**

7.1 КОНТРОЛА НА ИЗВРШУВАЊЕ.................................................................................44

7.2 НАЧИН НА МЕРЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ЗАШТЕДИ...........................................................45

7.3 ПРОЦЕНА........................................................................................................46

7.4 ИЗВЕСТУВАЊЕ И СООПШТУВАЊЕ...........................................................................46

**8. АНЕКСИ...............................................................................................47**

**ПРЕДГОВОР**

Оваа програма за енергетска ефикасност на општина Охрид е направена како продолжување на проектот за Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетска ефикасност во градежниот сектор, финансиран од Австриската агенцијата за развој, а поддржан од Програмата за развој на обединетите нации (УНДП) и Министерството за животна средина и просторно планирање. Проектот претставува дел од Програмата за енергетска ефикасност финансирана преку Австриската Влада која се спроведува во партнерство со УНДП и ЗЕЛС. Подготовката на оваа програма беше водена од страна на тимот на Општина Охрид, претставуван од г-ѓица Вера Рауник, виш соработник во одделението за заштита на животна средина, г-дин Зоран Трпески, соработник во одделението за заштита на животна средина, г-дин Серафим Булоски, виш соработник во одделението за Локален Економски Развој, г-дин Здравко Петрески, советник за енергетика во одделението за комунални дејности, г-дин Сашо Велјаноски, соработник за улично осветлување во одделението за комунален развој, г-дин Серафим Наумоски, раководител на оделението за образование.

**КРАТКО РЕЗИМЕ**

| | |
|---|---|
| **Општина:** | Охрид |
| Градоначалник: | Г-дин Александар Петрески |
| **Контакт:** | |
| Име: | Вера Рауник, Зоран Трпески |
| Позиција: | Виш Соработник и Соработник во Одделение за животна средина |
| Адреса: | Ул: Димитар Влахов бр. 57 Охрид, Р. Македонија |
| Телефон: | +389 46 262 492; 262 493 |
| Факс: | +389 46 262 545 |
| E-mail: | veraraunik@yahoo.com ; zoran.trpeski@yahoo.com |
| Web: | www.ohrid.gov.mk |

Поранешните централно-планирани економии сеуште се рангираат како најниско енергетско-ефикасни во светот. Во транзиционите економии технологиите за енергетска ефикасност нудат начин за да ја подобрат економската благосостојба преку намалување на еколошките загадувања предизвикани од употребата на енергија, вклучително и стакленичките гасови. Трансферот на вакви технологии во овие земји може да придонесе за намалување на ризикот од глобалната промена во климата.

Република Македонија има ограничени извори на комерцијални енергетски резерви и во индина сé повеќе ќе биде зависна од увоз на енергија. Превземањето на мерки за енергетска ефикасност може да ја ублажи оваа зависност, да го продолжи траењето на домашните резерви и да и помогне на економијата со намалување во трошоците наменети за увоз на енергија чија цена на светскот пазар е со тенденција на раст. Според Стратегијата за Енергетска Ефикасност на Република Македонија, енергетскиот интензитет на користење на енергија во Македонија,

односно износот на потрошена енергија по единица производ во една економија, е три пати поголем во споредба со САД и дури десет пати поголем од неколку земји од Европската Унија по единица економски производ. Причините за ваквите показатели се повеќекратни, меѓу кои најзначајни се: недоволната и слаба изолација на објектите во Република Македонија, нередовното оддржување на енергетските системи во објектите, ниската свест на населението за примена на мерки за енергетска ефикасност како и генерално навиките за нерационално трошење на енергија од страна на корисниците.

Потребата од креирање и градење на центри во општините со стручни луѓе кои ќе ја следат и промовираат енергетската ефикасност преку употреба на користење на мерки и технологии за енергетска ефикасност ќе придонесе за заштеда на скапоцената енергија од секаков облик и подобрување на економијата на општината.

Со цел за реализација на Програма за енергетска ефикасност, општина Охрид беше вклучена во проектот за изработка на програми за енергетска ефикасност во општини во Република Македонија, реализиран од страна на УНДП. Проектот започна во Февруари 2010 година и беше финансиски подржан од страна на Австриската Влада кој се спроведува во партенрство со УНДП и ЗЕЛС.

Целта на изготвување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Охрид е: прво, да се соберат информации за потрошувачката на енергија и податоци за состојбата на објектите кои ги управува и второ, да даде препораки за спроведување на проекти за енергетска ефикасност врз база на идентификувани можности за конзервација/заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во општината. За таа цел беше реализирана обука на тимот за енергетска ефикасност во општината кој е задолжен да следи, развива и се грижи за енергетската ефикасност во општината, како и развој на софтверската алатка за мониторинг на потрошувачката на енергија која што беше изработена во рамикте на проектот спроведен од страна на УНДП и Министерството за животна средина, којашто претставува прв извор на информации за состојбата на објектите под раководство на општината и можностите за подобрување на енергетските системи во истите.

Квалитативните и квантитавните информации беа собрани за зградите во Општината и уличното осветлување под општинска одговорност. Овие собрани податоци, коишто се внесени во базата на податоци, се анализирани и како резултат се презентирани главните заклучоци во оваа програма.

Воедно, изготвување на Програма за енергетска ефикасност е законска обврска на секоја општина во Република Македонија дефинирана во Законот за Енергетика. Имено, според овој закон, политиката на општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за унапредување на енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Програмата ја донесува Советот на општината и таа се однесува на три години. Градоначалникот изготвува план за реализација на програмата и извештај за остварување на планот за претходната година и го доставува до Советот на општината за одобрување односно усвојување.

Во Општина Охрид, прегледот на згради вклучува 29 објекти на ниво на општина за кои се добиени податоци и кои објекти се под општинска управа. Вкупната грејна површина на сите објекти изнесува 46.263 m2. Годишната вкупна потрошувачка на енергија на сите шест сектори во 2011 година изнесувала околу 9.592 MWh и вкупни трошоци за енергија од 44.192.219,00 денари.

Сумарниот преглед за трошоците на енергија (електрична и топлинска) за општинскиот имот во 2011 година е прикажан во следната табела:

| | **Сектор** | **Број на објекти** | **Грејна површина ($m^2$)** | **Годишна потрошувачка на енергија (MWh/год)** | **Просечна специфична потрошувачка на енергија (kWh/$m^2$ год)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Администрација | **1** | **1.419** | **205,9** | **145,1** |
| 2. | Образование | **23** | **39.256** | **4.318,4** | **110,0** |
| 2.1 | -Основни училишта | 19 | 25.726 | 2.872,6 | 111,6 |
| 2.2 | - Средни училишта | 4 | 13.530 | 1.445,8 | 106,9 |
| 3. | Социјални грижи | **5** | **5.588** | **782,1** | **139,9** |
| 4. | Улично осветление | / | / | **4.285,7** | / |
| | Вкупно | 29 | 46.263 | **9.592** | **114,7** |

Општина Охрид има потенцијал за енергетска ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се очекува да расте со стапка од 5%-15% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност. Според направените прогнози вра база на предвидениот раст на енергенсите и локалниот раст на населението како и севкупниот економски раст во општината, се покажува дека заштедата на енергија со спроведување на предвидените мерки за енергетска ефикасност би изнесувала околу 3.255 MWh во 2020 година.

Освен Општината со сопствени средства, како донатори за помош и реализација на инфраструктурните проекти во Општина од аспект на енергетска ефикансост, се вбројуваат: UNDP, USAID, EU IPA фондовите, GEF, EBRD, CARDS програмата, странски амбасади и меѓународни претставништва во Република Македонија.

Планот за планирање на инвестиции (финансирање) на предвидените проекти е даден во следната табела:

| **Проект** | **Проценета инвестиција** | **Година** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **2012** | **2013** | **2014** |
| Проект 1 | 2.850.000,00 | 850.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| Проект 2 | 2.700.000,00 | 2.700.000,00 | | |
| Проект 3 | 3.000.000,00 | 1.000.000,00 | 2.000.000,00 | |
| Проект 4 | 1.050.000,00 | 450.000,00 | | 600.000,00 |
| Проект 5 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | | |
| Проект 6 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | |
| Проект 7 | 560.000,00 | 60.000,00 | 500.000,00 | |
| Проект 8 | 520.000,00 | 520.000,00 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Проект 9 | 800.000,00 | 300.000,00 | 500.000,00 | |
| Проект 10 | 240.000,00 | 240.000,00 | | |
| Проект 11 | 3.600.000,00 | 2.400.000,00 | 1.200.000,00 | |
| Проект 12 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | |
| Проект 13 | 850.000,00 | 800.000,00 | | |
| Проект 14 | 500.000,00 | 500.000,00 | | |
| Проект 15 | 5.000.000,00 | 2.300.000,00 | 1.300.000,00 | 1.400.000,00 |
| Проект 16 | 2.310.000,00 | | 1.200.000,00 | 1.110.000,00 |
| Проект 17 | 3.380.000,00 | 2.880.000,00 | 500.000,00 | |
| Проект 18 | 857.280,00 | 357.280,00 | 500.000,00 | |
| Проект 19 | 1.092.720,00 | 592.720,00 | | 500.000,00 |
| Проект 20 | 730.000,00 | 230.000,00 | | 500.000,00 |
| Проект 21 | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | | |
| **Вкупно:** | **37.290.000,00** | **23.480.000,00** | **8.700.000,00** | **5.110.000,00** |

Вкупните капитални потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот 2012 – 2014 година се 74.580.000,00 денари.

Проектите наведи во горната табела се:
Проект 1 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Григор Прличев“
Проект 2 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Христо Узунов“
Проект 3 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Братсво Единство“ (Лескајца)
Проект 4 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Братство Единство“ (Крст Џамија)
Проект 5 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Св. Климент Охридски“
Проект 6 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Кочо Рацин“ (централно)
Проект 7 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Кочо Рацин“ (подрачно)
Проект 8 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Живко Чинго“
Проект 9 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Ванчо Николески“ (централно)
Проект 10 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Ванчо Николески“ (подрачно)
Проект 11 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Св. Наум Охридски“ (централно)
Проект 12 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Св. Наум Охридски“ (подрачно)
Проект 13 опфаќа капитални инвестиции во ОМУ „Методи Патче“
Проект 14 опфаќа капитални инвестиции во ОСУ „Св. Климент Охридски“
Проект 15 опфаќа капитални инвестиции во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“
Проект 16 опфаќа капитални инвестиции во ОУТУ „Ванчо Питошески“
Проект 17 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (централна)
Проект 18 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Билјана)
Проект 19 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Развигорче)
Проект 20 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Росица)
Проект 21 опфаќа капитални инвестиции во зградата на администрацијата на Општина Охрид

Инвестициите се планира да се добијат од различни извори дадени во следната табела.

| **Тип** | **Извор** | **2012** | **2013** | **2014** |
|---|---|---|---|---|
| | | (ден/год.) | (ден/год.) | (ден/год.) |
| **Сопствени** | Општински | 23.480.000,00 | 8.700.000,00 | 5.110.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **средства (капитал)** | Буџет (50%) | | | |
| **Надворешни извори** | Донатори, локални банки и фондови (50%) | 23.480.000,00 | 8.700.000,00 | 5.110.000,00 |
| **Вкупно:** | | **46.960.000,00** | **17.400.000,00** | **10.220.000,00** |

Со спроведување на програмата за енергетска ефикасност во општина Охрид има потенцијал да се постигнат значителни заштеди на енергија коишто за период 2012-2014 се сумирани во следната табела. Заштедите во парични средства во 2014 година се кумулативни за претходните три години од програмата, односно секоја наредна година ги вклучува заштедите од претходната година или години.

| **Елементи за Заштеди** | **Заштеди 2012** (ден/год.) | **Заштеди 2013** (ден/год.) | **Заштеди 2014** (ден/год.) |
|---|---|---|---|
| Заштеди на нафта за греење – згради | 4.902.000 | 7.262.000 | 8.363.000 |
| Заштеда на топлинска енергија од дрва- згради | 87.000 | 94.000 | 177.000 |
| Заштеда на електрична енергија- згради | 800.000 | 1.769.000 | 2.337.000 |
| Заштеда на електрична енергија-улич.освет. | 2.112.000 | 2.385.000 | 3.724.000 |
| Намалени трошоци за работа и одржување | 248.000 | 286.000 | 303.000 |
| Намалени давачки за животна средина | 51.000 | 72.000 | 71.000 |
| Вкупни заштеди | 8.200.000 | 11.868.000 | 14.975.000 |
| Оперативни трошоци | 820.000 | 1.187.000 | 1.498.000 |
| **Вкупно нето заштеди** | 7.380.000 | 10.681.000 | 13.477.000 |

Распоредот на следење на активностите за енергетска ефикасност во општината од страна на тимот за енергетска ефикасност е прикажан во следната табела.

| Извештај | Време на достасување |
|---|---|
| Акционен годишен план за енергетска ефикасност | Годишно достасување на крајот од првото тримесечје. |
| Годишен извештај | Годишно доставување во рок од три месеци по завршување на годината. |
| Извештај за тек на проект за енергетска ефикасност | Редовен извештај секое тримесечје за времетраење на проектот, и завршен извештај на крајот од завршување на проектот. |
| Извештаи за мониторинг на | Тримесечно, во рок од 15 дена од завршување на |

| | |
|---|---|
| мерките за енергетска ефикасност на реализирани проекти | конкретното тримесечје. |

Преку спроведување на програмата за енергетска ефикасност директно се допринесува и за намалување на емисиите на штетни гасови во атмосферата и на тој начин се делува на заштита на животната средина.

Реализацијата на програмата за енергетска ефикасност ќе придонесе за намалување на загубите на енергија, а со тоа и намалување на трошоците за топлинска и електрична енергија од буџетот на општината, подобрување на комфортот во училишните згради, а со тоа ќе се подобри училишната атмосфера за поефикасни резултати од образованието на децата, подобрување на осветленоста на улиците и друго. Затоа е потребно нејзино доследно спроведување, следење и надградување на софтверската алатка за следење на потрошувачката на енергија, за што е одговорен формираниот тим за енергетска ефикасност во општината со поддршка на градоначалникот и општинскиот совет.

Во реализација на програмата за енергетска ефиканост посебен придонес дадоа:

- Александар Петрески, градоначалник на Општина Охрид
- Вера Рауник, виш соработник во одделението за заштита на животна средина
- Зоран Трпески, соработник во одделението за заштита на животна средина
- Серафим Булоски, виш соработник во одделението за Локален Економски Развој
- Здравко Петрески, советник за енергетика во одделението за комунални дејности
- Сашо Велјаноски, соработник за улично осветлување во одделението за комунален развој
- Серафим Наумоски, раководител на оделение за образование

## 1. ВОВЕД

Изготвувањето на Програмата за енергетска ефикасност е законска обрска за секоја Општина според законот за Енергетика. Политиката на Општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програмата за енергетска ефикасност изработена согласно Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност на Р Македонија.

Главната цел на Програмата за ЕЕ во Општина Охрид е да се согледаат потенцијалите за енергетска заштеда во објектите од јавниот сектор под општинско владение, што ќе овозможи согледување на можностите за зголемување на ЕЕ во наведените објекти. Оваа цел би се остварила преку спроведување на проекти за ЕЕ во секој од општинските објекти и зголемување на свеста на граѓаните од придобивките од придржувањето на насоките за ЕЕ на Општината, што ќе произлезе од оваа и некои други програми. Тоа ќе овозможи и буџетот на Општината да се ориентира кон други сектори (капитални инвестиции во образованието, детските градинки и сл.) на Општината со цел постигнување на подобри услови на живот на граѓаните.
Намалувањето на потрошувачката на енергија ќе има позитивен ефект и врз животната средина затоа што паралелно со намалената потрошувачка на фосилни горива ќе се намали емисијата на штетни гасови.

Глобалната цел на оваа Програма е зголемување на свеста кај граѓаните преку презентирање на очекуваните и остварените бенефити за Општината, преку финансирање на

проекти за заштеди на енергија, подобрување на општинската инфраструктура, подобрување на конфорот во општинските објекти и сл.

Постојаното мерење, следење и ажурирање на потрошувачката на енергија ќе помогнат за понатамошното планирање на енергетските потреби, а воедно и во изнаоѓањето на алтернативни енергетски извори.

## *1.1. ОПШТИНА ОХРИД*

Општина Охрид се наоѓа во југо – западниот дел на Република Македонија и е лоцирана на северо – источниот брег на Охридското Езеро, на надморска висина од 695 м. Сместена е помеѓу високите планини Јабланица и Мокра од западната страна и Галичица од источната страна.

Општина Охрид зафаќа површина од 389,93 км$^2$, со вкупно 28 населени места и население од 55.749 жители. Таа се граничи со Општините Дебрца и Ресен, а од југ со Р. Албанија.

Охридскиот регион се карактеризира со умерено континентална клима, на која имаат влијание близината на Јадранско Море, високите планински масиви кои го оградуваат регионот како и надморската височина на Охридското Езеро со просечна висина на езерското огледало на 693,5 м н.в.

Охридската котлина е доста ветровите и се одликува со посебен режим на ветрови, што е условено од езерото. Покрај ветровите кои се јавуваат поради општите атмосферски промени, се јавуваат и ветрови од локален карактер, како последица на нееднаквото загревање на воздухот над копното и езерската површина. Во Охрид преовладува северниот ветар со просечна годишна зачестеност од 297 % и просечна годишна брзина од 2,4 м/s, а максимална од 12,3 м/s. Северниот ветар дува преку целата година, најчесто во ноќните часови. Југо-западниот и јужниот ветар се со приближно иста зачестеност од 179 односно 176 %, со просечна брзина од 2,9 м/s и максимална од 18,9 м/s и се јавуваат преку целата година.

Охридската котлина се одликува и со долготрајно сончево зрачење (инсолација). Просечната инсолација изнесува 2.257 часови годишно или во просек 6 часа дневно, со максимум во месец јули ( 308 часови ) или просечно во овој месец 10 часови дневно, додека минимумот е во месец јануари ( 80 часови) или во просек 3 часа дневно.

Географската положба и климатските услови кои ја карактеризираат Општина Охрид, овозможуваат користење на алтернативни извори на енергија (ветар, сончева енергија), со што би се на намалило користењето на фосилни горива, а со тоа и емисијата на стакленички гасови.

## *1.2. Стратегија на Општина Охрид*

Стратешките цели на Општината се фокусирани на подобрување на инфраструктурата и условите во образованието и јавните услуги во надлежност на Општината. Притоа, Општината се грижи за подобрување и унапредување на животната средина и условите на живот на нејзините граѓани, намалување на невработеноста и развој на локалната економија.

Заложба на Општина Охрид е да се урбанизира голем дел од Општината и да се изгради инфраструктура, а постоечката да се подобри. Спроведувањето на стратегијата, Општината го гледа преку градење на партнерства со владини и невладини организации, донаторски институции како и активно учество на локалното население и негов придонес во реализација на проектите во Општината.

Главна цел на Програмата е да ги намали трошоците за енергија во Општината, пред се во делот на јавни објекти и улично осветлување. Тоа ќе се постигне со спроведување на проекти за енергетска ефикасност со цел да се зголеми свеста кај граѓаните од придобивките на

креирањето на локална енергетска политика (во тек е постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во Општина Охрид).

Крајните резултати на програмата треба да резултират со намалување на енергетските трошоци во општината за 22,0% до 2014 година.

Главни компаративни предности на Општината се: комплетирање на инфраструктурата во сите области, потикнување на малите и средни претпријатија во економските зони на Општина Охрид и потикнување на развојот на туризмот - рекреација и спорт.

За остварување на поставените цели се предвидуваат партнерства на локалната самоуправа со приватниот сектор, владините институции за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и вработувањето, невладини организации, донаторските програми и инвеститори. Во досегашниот период, најголеми партнерства на Општина Охрид во спроведување на проекти на територијата на општината се направени во соработка со Министерство за локална самоуправа, Министерстовото за образование, Министерство за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерство за финансии-Светска банка, УНДП-Програма за развој на Обединетите нации, УСАИД-Агенција на Соединетите Американски Држави за меѓународен развој, Норвешката Амбасада, Холандска Амбасада и други институции и организации.

Општината ги поседува и одржува административните, образовните, социјалните и општински услуги во Општината, а обезбедува услуги за населението како што е користење и одржување на уличното осветление. Со намалување на потрошувачката на енергија, а со тоа и трошоците за енергија, се придонесува за подобрување на услугите и квалитетот на живеење на граѓаните во Општината. Со намалување на трошоците за енергија на општинските објекти и услужните дејности на Оштината, сите граѓани кои живеат во неа ќе имаат директни придобивки од постигнатите заштеди.

Со изработката на Програмата за Енергетска Ефикасност на Општината 2012-2014 година и нејзино спроведување, Општина Охрид има за цел рационално и ефикасно да ги користи сите видови на енергија и на тој начин да оствари заштеда во буџетот, преку намалена потрошувачката на енергија.

## *1.3. Постапки за изработка на Програмата за енергетска ефикасност*

Во тек на изработка на Програмата, извршено е собирање на податоци, нивна обработка, обработка на сите резултати од пресметките и дефинирање на предлози за модернизација на енергетските системи врз основа на анализираните податоци.

Целокупната изработка на Програмата се дели на неколку основни целини:

- собирање податоци за состаојбата на системите и енергетската потрошувачка
- изработка на листа на предлог мерки за енергетска ефикасност
- динамички план за остварување на целите по усвоена методологија
- финансиски план за спроведување на предвидените мерки

За да се соберат податоците за постоечката состојба на енергетските системи во Општинските објекти беше испратен прашалник до сите објекти под надлежност на Општината. Прашалникот кој е даден во Анекс 1 од оваа програма, содржи податоци за описот на зградите,

трошоците за електрична и топлотна енергија и соодветната потрошувачка на енергија. Податоците за потрошувачка на електична енергија за општинските објекти се собрани врз основа на фактурирани сметки и податоци од Општината. Процесот на подготовката на Програмата за ЕЕ го изведе тимот за ЕЕ врз основа на софтверска алатка за следење на потрошувачката на енергија во сите јавни објекти под надлежност на Општината.

Со ова покрај констатирањето на состојбата, согледани се сите можни потенцијали за заштеда.Податоците за енергетска потрошувачка се собрани преку одговорни лица во објектите и преку тимот во Општината. Врз база на овие два клучни податока за секој од објектите се направени пресметки за реално потребната потрошувачка на енергија, која што понатаму е земена како основа за пресметка на очекуваните енергетски заштеди дадени преку предлог мерки за енергетска ефикасност со апроксимативни инвестициски вредности и време за отплата.

За реализација на предвидените мерки за секој од објектите изготвен е предлог динамички план врз база на усвоена методологија на рангирање на мерките и усвоениот буџет за секоја од трите години како идеално сценарио.

Рангирањето на предложените мерки е направено според состојбата на објектот (потрошена енергија, површина, број на луѓе, дотраеност) и исплатливоста на инвестицијата (време на отплата). Предвидениот буџет за реализација на мерките од ЕЕ е расподелен во период од три години, при што се предвидените заштеди се земени во обзир бидејќи истите се очекува да се пренасочат на покривање на потребните инвестиции за реализирање на мерките за ЕЕ.

Вака припремениот динамички план треба да се усогласи со реалните можности на Општината за финансирање, како и обезбедување на дополнителни средства со аплицирање кон донации, партнерско финансирање и сл.

Тимот за енергетска ефикасност приоритетите ги рангираше според следните критериуми:

- Висината на специфична потрошувачка на енергија: 60%
- Број на опслужени луѓе во објектот: 20%
- Големина на објектот: 10%
- Степен на дотраеност на објектот: 10%

Врз основа на горните критериуми и приоритети ќе се врши следење на евентуалните промени на податоците од базата на податоци како и нејзино редовно ажурирање, со цел доколку се интервенира во одреден објект да се види ефектот од интервенцијата преку следење и анализирање на мерењата на потрошувачката на енергија и добиените резултати. Одредување на приоритет на објект за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (реконструкција на згради) ќе се врши според следната формула на тежински фактори:

$$X_и = \frac{\text{Потрош_енер_објект}}{\text{Најг_потрош_енергија}} * (60\%) + \frac{\text{Број_луѓе_објект}}{\text{Најм_луѓе}} * (20\%) + \frac{\text{Повр_објект}}{\text{Најг_површ}} * (10\%) + \frac{\text{Степен_дотр}}{\text{Најг_дотр}} * (10\%)$$

каде што:
Xi – висина на приоритет на објект i за спроведување на мерки за енергетска ефикасност (0 - 100%)
Потрош_енер_објект – вкупна специфична потрошувачка на енергија во објект

Нај_потрош_енергија – најголема специфична потрошувачка на енергија од објект во сектор или целна група
Број_луѓе_објект – вкупен број на корисници во објект
Најм_луѓе – највисок број на корисници во објект во сектор или целна група
Повр_објект – грејна површина на објект
Најг_површ – најголема грејна површина на објект во сектор или целна група
Степен_дотр – степен на дотраеност на објект (10 за максимално дотраен, 0 за нов или реновиран објект до 1 година)

## ***<u>База на податоци во Општината</u>***

Под управа на Општина Охрид има вкупно 29 објекти распоредени во 3 сектори во општината (администрација, образование и социјални грижи) и соодветни целни групи во рамките на секторите. Овие објекти со нивните податоци се внесени во базата на податоци за енергетска ефикасност. Во следната табела се дадени објектите со локација, грејна површина и просечен број на корисници во текот на 2012 одина.

**1) Сектор: Администрација**

**Целна Група: Административни згради**

| **Локација** | **Име на административен објект** | **Грејна Површина ($m^2$)** | **Корисници** |
|---|---|---|---|
| Охрид | Зграда на Општина Охрид | 1419,3 | 119 |
| | **Вкупно:** | **1419,3** | **119** |
| | **Објекти во целна група:** | **1** | |

**2) Сектор: Образование**
**Целна група: Основни училишта**

| **Локација** | **Име на основно училиште** | **Грејна Површина ($m^2$)** | **Корисници** |
|---|---|---|---|
| Охрид | ОУ “Братство Единство“ (крст џамија) | 3.100 | 766 |
| Охрид | ОУ “Братство Единство“ (лескајца) | 1.957 | 382 |
| Охрид | ОУ “Христо Узунов“ | 4.165 | 1.237 |
| Охрид | ОУ “Григор Прличев“ (централно) | 3.600 | 991 |
| Охрид | ОУ “Григор Прличев“ (подрачно Рача) | 540 | 107 |
| с.Лескоец | ОУ “Ванчо Николески“ (централно) | 1.286 | 260 |
| с. Косел | ОУ “Ванчо Николески“ (подрачно) | 752 | 45 |
| с. Вапила | ОУ “Ванчо Николески“ (подрачно) | 140 | 10 |
| с. Куратица | ОУ “Ванчо Николески“ (подрачно) | 314 | 25 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| с.Велгошти | ОУ “Живко Чинго“ | 1.401 | 251 |
| Охрид | ОУ “Кочо Рацин“ (централно) | 1.197 | 326 |
| С. Д.Лакочереј | ОУ “Кочо Рацин“ (подрачно) | 1.000 | 87 |
| Охрид | ОУ “Св. Климент Охридски“ (централно) | 3.497 | 283 |
| Охрид | ОУ “Св. Климент Охридски“ (подрачно Даљан) | 170 | 53 |
| с.Пештани | ОУ “Св. Наум Охридски“ (централно) | 1.365 | 152 |
| с. Трпејца | ОУ “Св. Наум Охридски“ (подрачно) | 219 | 2 |
| с. Елшани | ОУ “Св. Наум Охридски“ (подрачно) | 439 | 36 |
| с. Д. Коњско | ОУ “Св. Наум Охридски“ (подрачно) | 121 | 36 |
| Охрид | ОМУ “Методи Патчев“ | 463 | 297 |
| | **Вкупно:** | **25.726** | **5.346** |
| | **Објекти во целна група:** | **19** | |

**2) Сектор: Образование**
**Целна група: Средни училишта**

| Локација | Име на средно училиште | Грејна Површина (m²) | Корисници |
|---|---|---|---|
| Охрид | ОЕМУЦ “Св. Наум Охридски“ | 4.004 | 711 |
| Охрид | ОСУ “Св. Климент Охридски“ (гимназија) | 4.089 | 1507 |
| Охрид | ОСУ “Св. Климент Охридски“ (економско) | 1.543 | |
| Охрид | ОУТУ “Ванчо Питошески“ | 3.894 | 630 |
| | **Вкупно:** | **13.530** | **2.848** |
| | **Објекти во целна група:** | **4** | |

**3) Сектор: Социјални грижи**
**Целна група: Детски градинки**

| Локација | Име на детска градинка | Грејна Површина (m²) | Корисници |
|---|---|---|---|
| Охрид | Детска градинка Јасна Ристеска (централна) | 1.038 | |
| Охрид | Детска градинка (Билјана) | 737 | |
| Охрид | Детска градинка (Росица) | 1.139 | |
| Охрид | Детска градника (Лихнида) | 1.360 | |
| Охрид | Детска градинка (Развигорче) | 1.314 | |
| | **Вкупно:** | **5.588** | **773** |

| | |
|---|---|
| **Објекти во целна група:** | **5** |
| **4) Сектор: Улично осветление** | |
| **Целна група: Улично осветление** | |
| **Вработени:** | **3** |

**Придобивки од Програмата**

За правилно извршување на задачите општината планира да вклучи:

- советници и службеници од општината
- корисници на услугите од општината
- снабдувачите со енергија
- владини институции/ министерства
- донаторски институции/ невладини организации
- надворешни консултанти и приватни претпријатија кои извршуваат јавни работи
- финансиски институции

Активности кои Општината планира да ги превземе како потрошувач на енергија се следни:

- енергетски контроли/ аудити
- среднорочни и долгорочни планирања за снабдување со енергија и големината на побарувачка
- мерење и следење на потрошувачката на енергија

Резултатите од овие активности ќе допринесат за:

- заштеди на финансиски средства на општината
- заштеди на енергија
- подобро управување со буџетот на општината
- намалување на загадувањето на животната средина
- локален одржлив развој

Придобивки на Општината од спроведување на проектите за енергетска ефикасност во зградите кои се сопственост на Општината се:

- финансирање на проектите за енергетска ефикасност преку остварените заштеди на енергија
- намалување на трошоците за енергија и обезбедување на значајни социјални и здравствени придобивки
- подобрување на општинската инфраструктура
- подобрување на нивото на греење во зградите според Европските норми и директиви
- подобрување на здравјето на луѓето и комфорот на живеење или привремениот престој во објекти
- зачувување на здравјето на децата во училиштата со редукција на варијациите во греење и подобрување на протокот на воздух во училишните простории

Придобивки од спроведување на проекти за енергетска ефикасност кај улично осветление се:

- намалување на степен на криминал
- намалување на сообраќајни незгоди во вечерните часови
- подобрување на квалитетот на живеење во општината

Тимот за енергетска ефикасност во општината работи на спроведување на проекти коишто придонесуваат за намалување на неефикасното користење на енергија и притоа постигнување на помала потрошувачка на енергија и намалување на загадувањето на животната средина во општината.

## *1.4 Правна рамка*

За исполнување на Програмата и целите за енергетска ефикасност во Општина Охрид потребно е да се почитуваат законските начела и прописи во Република Македонија. Во прилог – Анекс 2 се наведени законите кои директно или индиректно се однесуваат на енергетската ефикасност, како што се Законот за Енергетика, Законот за Градење, Законот за Локална Самоуправа, Законот за Животна Средина, Законот за Акредитација и други.

# *2 СЕГАШНА ЕНЕРГЕТСКА СОСТОЈБА*

### 2.1 Производство и снабдување со енергија

Како и повеќето општини во Република Македонија така и Општина Охрид не располага со енергетски извори. Снабдувањето со електрична енергија во Општина Охрид се врши од електроенергетскиот систем на Република Македонија и воглавно целата општина е снабдена со стабилен напон од електроенергетската мрежа.
Напојувањето со електрична енергија на општината се врши преку неколку напојни постројки, а најголеми се:
* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 1“
* Трафостаница 110/10 kV “Охрид 2“
* Три електрични мали хидроцентрали со вкупна снага од 2 MVA

Во рамките на општината не постои поголем извор за производство на електрична енергија, односно постојат две поголеми трафостаници 110/10 kV , како и три мали хидроцентрали изградени во месноста Рамне.

Општината Охрид, како правен субјект, не е производител на енергија. За снабдување со топлинска енергија за општинските објекти се користи нафта за греење и огревно дрво, а во одредени случаи и електрична енергија.

Спроведените анализи за Општина Охрид ги даваат следните резултати:

- Енергетските прегледи со пилот проектите, укажуваат дека со спроведување на проектите за енергетска ефикасност, потенцијалот за заштеда во општинските згради е помеѓу 5% и 15%;
- Предложените инвестиции за пилот проектите се движат помеѓу 240.000,00 до 5.000.000,00 денари.

Постојат повеќе бариери за развој на енергетската ефикасност во општината, меѓу кои најзначајни се:

Институционални бариери:

- Општинската управа не е квалитетно екипирана и во принцип има недоволен број на вработени во поглед на зголемените обврски;

- Вработените во општината имаат премалку време/средства за да можат целосно да се занимаваат со енергетска ефикасност во општинските згради;
- Постои недоволно познавање за развој и спроведување на проекти за енергетска ефикасност;
- Повеќе се потенцираат краткорочни активности, а не долгорочно планирање на активности за енергетска ефикасност.

  Правни/ Финансиски бариери:
- Тешко се изнаоѓаат екстерни фондови за потребите на општината во областа на енергетската ефикасност;
- Високите каматни стапки (10%-15%) ги отежнуваат инвестициите за обнова и за примена на мерки за енергетска ефикасност во случај да општината добие можност да аплицира за кредити во блиска иднина;
- Нејасните, како и нерасчистени имотни права (државен имот / локален имот / приватен имот - незавршени постапки за денационализација) ги отежнуваат гаранциите за кредити.

Во рамките на активностите во Општината, посебен акцент се става на тоа како да се надминат пречките за да се подобри енергетската ефикасност во Општината.

## 2.2 База на податоци и извор на информации

Спроведување на политиката за енергетска ефикасност не е возможна без вистински податоци за правење на процени и анализи врз основа на кои може да се донесуваат одлуки. Значајните трошоци за енергија кои се покриваат од општинскиот буџет предизвикаа големиот интерес за добивање и градење на информативна база на податоци за средните и основните училишта, детските градинки, административните, услужни и културни објекти и уличното осветление кое е во надлежност на Општината.

Постоењето на база на податоци и нејзино градење со информации за потрошувачката на енергија во објектите на Општината и уличното осветление е најдобар извор на информации. Врз основа на добро изградена база на податоци може лесно, ефикасно и во секој момент да се направат различни видови на анализи и да се следат промените на потрошувачката на енергија во објектите во општината.

Во 2005 година од страна на норвешката компанија ENSI беше изработена и дадена на користење база на податоци за општините во Македонија. Со цел за изработка на барањата и потребна програма за енергетска ефикасност на Општина Охрид, беше формиран тим за енергетска ефикасност на Општината и истиот координираше со базата на податоци и ги внесуваше податоците во неа. Во базата се опфатени административните згради, основни и средни училишта, детски градинки и улично осветление на територијата на целата Општина. Како влезни податоци беа користени: потрошувачката на електрична и топлинска енергија, потрошувачката на вода, површината на објектот, бројот на лица што го користат објектот, режимот на користење на објектот, типот на градба и годината на изградба на објектот и други. Детални информации за објектите и уличното осветление се собрани со прашалникот даден во Анекс 1. Собраните податоци се собрани и внесени во базата на податоци која е во владение на општинскиот тим за енергетска ефикасност одговорен за нејзино одржување и ажурирање.

Базата на податоци содржи информации за сите објекти во сопственост и управување на Општината. Во период од шест месеци во базата се внесени релевантни податоци на потрошувачка на енергија на објектите групирани по сектори, тип на потрошувачка и трошоци на годишно ниво, број на ученици, старост и состојба на објектите и други информации. Овие информации се добиени од општината во соработка со одговорните лица од секој општински објект чија потрошувачка на енергија е финансирана од општинскиот буџет.

Податоците се поделени во две групи:

- Стандардни податоци за објектите кои што вклучуваат податоци за нивната состојба, карактеристики на градба, инсталирана моќност и начин на снабдување со енергија. Овие податоци во најголем дел се од траен карактер.
- Променливи податоци, кои што се однесуваат на промените на потрошувачка на енергија за секоја изминатa година и соодветните трошоци за потрошена енергија. Овие податоци се пополнуваат на секои три месеци или доколку такви податоци не се расположливи тогаш податоците се внесуваат на годишно ниво.

Базата на податоци е значајна алатка која содржи информации групирани по сектори за општинските објекти и нивната потрошувачка на енергија. Во неа се собираат податоците во одредени форми за регистрација, каде се внесуваат техничките податоци за објектите како и податоци за потрошувачка на енергија и вода и технички податоци за состојбата на системите. Базата на податоци овозможува на општината да ги чува податоците и да има преглед над потрошувачката на енергија и трошоците на секторите (одделите) и целните групи (типовите на објекти), да подготви статистики и да ја анализира состојбата. Базата на податоци се користи за да се даде приоритет на зградите во однос на спроведување на мерки за енергетска ефикасност (заштеди на енергија со постигнување на стандардно комфорно ниво) и развој на проекти за енергетска ефикасност.

Целта на користење на базата на податоци е да се направат анализи со кои ќе се оцени ефикасноста на користење на енергија во објектите под надлежност на Општината, како и оценка за исплатливоста за инвестирање во нив и придобивките од спроведување на мерки за енергетска ефикасност во однос на енергетските заштеди.

Податоците за потрошувачка на енергија во периодот 2009-2011 година се внесени во базата на податоци. Базата на податоци ќе и овозможи на Општина Охрид да ги чува податоците и да има преглед над потрошувачката на енергија и трошоците на секторите (одделите) и целните групи (типовите на објекти), да подготви статистики и да ја анализира состојбата.

Базата на податоци се користи за да се даде приоритет за спроведување активности на зградите со голема потрошувачка на електрична енергија за нивен преглед и развој во проекти за енергетска ефикасност.

Во базата на податоци на Општина Охрид идентификувани се следните сектори и целни групи:

Сектор **Администрација**:
Целна група **Административни згради**

Сектор **Образование**:
Целна група **Основни училишта**
Целна група **Средни училишта**

Сектор **Социјални грижи:**
Целна група **Детски градинки**

Сектор **Улично осветление:**
Целна група **Улично осветление**

## 2.3 Објекти и потрошена енергија во општината

Прегледот на згради вклучува 29 објекти во рамките на Општина за кои се добиени податоци и кои објекти се под општинска управа. Сите предметни објекти покриваат грејна површина од 46.263 m2. Годишната вкупна потрошувачка на енергија на сите општински згради во трите сектори (администрација, образование и социјални грижи) и четвртиот сектор за улично осветление на територијата на цела општина што во 2009 година изнесува околу 9.592 MWh и вкупни трошоци за енергија од 44.192.219,00 денари.

Сумарниот преглед за трошоците на енергија (електрична и топлинска) за општинскиот имот во 2009 година е прикажан во следната табела (2.3.1):

| | Сектор | Број на објекти | Грејна површина ($m^2$) | Годишна потрошувачка на енергија (MWh/год) | Просечна специфична потрошувачка на енергија (kWh/$m^2$ год) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Администрација | **1** | **1.419** | **205,9** | **145,1** |
| 2. | Образование | **23** | **39.256** | **4.318,4** | **110,0** |
| 2.1 | - Основни училишта | 19 | 25.726 | 2.872,6 | 111,6 |
| 2.2 | - Средни училишта | 4 | 13.530 | 1.445,8 | 106,9 |
| 3. | Социјални грижи | **5** | **5.588** | **782,1** | **139,9** |
| 4. | Улично осветление | / | / | **4.285,7** | / |
| | Вкупно | 29 | 46.263 | **9.592** | **114,7** |

Годишна потрошувачка на енергија по сектори (MWh/год)
* 2,15 % Администрација
* 45,02 % Образование
* 8,15 % Социјални грижи
* 44,68 % Улично осветление

Процентуалната слика ја покажува вкупната потрошувачка на енергија во Општина Охрид поделена по сектори.

## 2.4 Основни процени

Општината Охрид има потенцијал за спроведување на активности и очекување на добри резултати од енергетската ефикасност. Воедно, со зголемување на цените на енергенсите на локалниот и регионален пазар како и очекуваниот пораст на населението, потрошувачката на енергија во наредниот период во финансиски средства во споредба со сегашното ниво се

очекува да расте со стапка од 5% - 15% на годишно ниво. Овој раст на потрошувачка може да се намали со воведување на мерки за енергетска ефикасност (ENCON). Во долната табела е даден очекуваниот развој на потрошувачка на енергија (топлинска и електрична) во Општина Охрид без и со спроведување на мерки за енергетска ефикасност во периодот 2012-2014 година.

| **Година** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| со **ENCON** | 8.513 | 8.497 | 8.450 | 8.679 | 8.987 | 09.130 | 09.457 | 09.996 | 10.480 |
| без **ENCON** | 10.092 | 10.578 | 10.976 | 11.697 | 12.013 | 12.367 | 12.673 | 12.963 | 13.735 |

**Очекуван развој на потрошувачка на енергија во општина Охрид (MWh)**

Табела 2.4.1: Очекуван развој на потрошувачка на енергија во општина Охрид

Процената на очекуваниот развој е направена врз база на податоците добиени за потрошувачката на енергија во училишните згради и Општината во периодот 2008-2010 година како и растот на населението и економскиот развој во Општината.

Вкупната потрошувачка на енергија се очекува да се зголеми за 100-200 MWh/годишно (најдолниот ред го покажува очекуваниот развој на годишната потрошувачка на енергија во општината без имплементација на ENCON мерки). Со употреба на ENCON мерки е покажан алтернативниот развој (средниот ред). Според направените прогнози вра база на предвидениот раст на енергенсите и локалниот раст на населението како и севкупниот економски раст во општината, се покажува дека заштедата на енергија меѓу двете алтернативи (без и со ENCON мерки) според графикот во 2013 година би изнесувала 2.081 MWh додека во 2020 година би изнесувала околу 3.255 MWh.

## *2.5 Потенцијал за енергетска ефикасност во општината*

***Главни крајни корисници и потенцијал за енергетска ефикасност***

Подобрувања во користењето на енергијата, создава реална можност да се намали потребата од енергија во просек 100-200 MWh годишно во наредните десет години. Главните можности за заштеда на средства во општинската економија се фокусирани кон заштеди на енергија, бидејќи во тој домен економијата е најмногу осетлива и ќе има најголем поттик за да се направат промени. Потрошувачката на енергија поделена по сектори во општината е претставена на Табела 2.3.1.

Секоја од предложените мерки треба да се разгледа посебно и активностите за нивно спроведување треба да се координираат со одговорните од секој објект, во согласност со можностите за инвестирање и расположливиот буџет во Општината во соработка со Министерството за образование. Воедно, потребно е ажурирање на податоците секоја година со цел да се има преглед за нивото на потрошувачка на енергија, што овозможува да се следат придобивките од направените промени.

***Образовен сектор***

Голем дел од анализата за иницијативи за енергетска ефикасност на краток рок треба да се концентрираат на можностите за заштеди на енергија (електрична и топлинска енергија) во сите сектори коишто се под надлежност на Општината. Образовниот сектор завзема најголем дел во енергетскиот биланс на Општината, со околу 48 % и во него може да се очекува најголем раст на потребата за енергија во иднина, а следствено и најголем потенцијал за заштеди.

Пресметката за заштедите е направена врз база на податоци за потрошена енергија во објектите и фактурирана вредност за потрошена енергија од базата на податоци.

***Улично осветление***

Јавното осветление, а со тоа и уличното осветление, спаѓа во поважните комунални дејности на локалната самоуправа. Доброто улично осветление, гледано само од квалитетен аспект (повисока осветленост на улиците) подразбира поголеми трошоци за потрошена електрична енергија и негово одржување. Системот за улично осветление е во сопственост на Општината која е одговорна за негово функционирање, одржување и унапредување. За успешно функционирање на уличното осветление Општината ангажира специјализирани компании врз основа на договор за извршување на работи за одржување (главно замена на прегорени сијалици и поставување на нови светилки).

Позитивната страна на уличното осветление опфаќа брза и едноставна имплементација, релативно куси периоди на отплата (до 5 години) со зголемување на ефикасноста и квалитет на осветлувањето со употреба на штедливи ефикасни светилки со заштеда на енергија од 60% до 65%. Воедно, поставување на ефикасно улично осветление покажува и добри резултати во јавноста преку зголемување на задоволството на жителите и постигнување на повисоки стандарди за живот на населените места. Дополнително, потрошувачката на електрична енергија може да се намали за околу 25% преку контрола на осветлувањето односно организација на осветлувањето и намалување на времетраењето на осветлување во периоди кога не е потребно. Имплементацијата на овие мерки за енергетска ефикасност е едноставна и брза.

За реализација на мерки за енергетска ефикасност во секторот за улично осветление, се собрани податоци и се направени анализи и студија врз основа на кои е предвиден проект и оворен е тендер за замена на постојните светилки со нови а со тоа и спроведување на програмата за енергетска ефикасност на улично осветление во Општината. Направените анализи и добиените сознанија кои се изложени укажуваат дека изработка и реализација на таква програма е неопходна и мошне корисна.

Потрошувачката на електрична енергија за улично осветление во Општина Охрид во минатите неколку години е зголемена за околу 15%. Ова покажува дека развојот на уличното осветление е во корелација со економскиот развој на градот и следствено Општината – колку развојот на Општината е поинтензивен се одвојуваат повеќе средства за оваа комунална дејност. Оттаму, се јавува се поголема потреба од користење на ефикасни извори (светилки) и управување на уличното осветление, со цел за постигнување на заштеди на електрична енергија и истовремено поголем животен век на светилките и повисок степен на осветленост која се постигнува со нив.

На ниво на Македонија просечната годишна потрошувачка на улично осветление по жител изнесува 37 kWh додека просечното време на користење на уличното осветление изнесува 3.650 часови годишно. Земајќи во предвид дека споредбените податоци за општините во Европа се двојно помали од тие кај нас, несомнено се јавува потребата од спроведување на план за енергетска ефикасност на Општината.

За одредување на потенцијалот за енергетска ефикасност од улично осветление изработена е Студија за замена на постојните живини светилки со висок притисок со штедливи ЛЕД светилки.

Јавното осветлување, без сомневање е помеѓу оние инвестици кои можат да ја подобрат околината и инвестиција што покажува брзи резултати во погледот на Општината и чувствата на граѓаните за квалитетен живот.

Квалитетното осветлување е во функција и валоризација на Општината Охрид, како во секојдневието на населението, така и кај посититетелите. Општината располага со урбана структура, која е енергетски многу неефикасна и неисплатива што бара несомнено итна промена.

Согласно со стратешките цели за локален економски развој, Општината Охрид преку оделението енергетика воспостави иницјатива за целосна реконструкција и модернизација на јавното осветлување, дефинирана од страна на надлежните служби, оделението за комунални дејности, со примена на модел на јавно-приватно патнерство (ЈПП).

Проектот се однесува на замена на постојното електрично јавно осветлување со нов извор на светлина, а воедно постигнување и истовремено значително подобрување на нивото на светлост и нивото на заштеда.

Реализацијата на проектот-рекострукција и модернизација на јавното осветлување-предвидено е да се изврши по пат на формирање на договор јавно-приватно партнерство.

Основа цел на ова студија за горенаведениот проект е утврдување на реалната изводливост на проектот од аспект на Општината, и атрактивноста (профитабилност) на проектот како основа за привлекување на приватен партнер кој би го исфинансирал истиот.

За утврдување на реалните потреби од проектот, спроведена е аналазиза и истражување врз одредена група на граѓани со цел да се утврди дали проектот реконструкцијата и модернизацијата на јавното осветлување зазема приоритно место за реализација, или предност ќе им се даде на проектите од останатите области.

Во контекст на горенаведеното, направена и е компарација на јавното мислење на одредена група граѓани кај нас и во Западна Европа, по што е утврдено дека 75 % од испитаните луѓе во Западна Европа веруват дека висок квалитет и добро одржување на јавното осветлување е еден од најважните елементи за функциноирање на целата инфраструктура, а некаде околу 80 % од испитаниците кај нас го делат истото мислење.

Изготвена е финансиска кост бенефит анализа која вклучува - решенија за реконструкција и модернизација на јавното осветлување, а кое се однесува на следново: врз основа на бројот и видовите на инсталирани светилки и инсталирање на моќност и потрошувачка на електричка енергија на годишно ниво, пресметена е вкупната инсталирана на електрична енергија на годишно ниво, пресметена е вкупна инсталирана снага на истите. Покрај фактот за вкупниот број на часови на јавното осветлување во текот на годината, пресметана е и годишната потрошувачка на електричната енергија за јавно осветлување. Освен заштедата на електрична енергија со примена на новото решение ќе се заштеди и на трошоците за одржување. Светилките кои се предвидуват во споредба со постоечките имат 12 пати поголем век на траење од каде што следи дека живината светилка треба да се менува 12 пати повеќе.

Врз основа на презентираните инвестициони трошоци и заштеда која ќе се оствари, со примена на предлог-решение, можеме да дадеме заклучок дека:

- ќе се намали инсталираната моќност односно потрешената ел.енергија за 60-70 %
- ќе се намалат трошоците за потрошентта електрична енергија
- ќе се намалат трошоците за замена на светилките
- периодот за отплата на инвестицијата земјаќи ги предвид заштедената електрична енергија и трошоците за замена ке бидат 7 години и 2 месеци.
- новата инсталација ќе има век на траење повеќе од 15 години.

Целата оваа анализа е базирана на мометалната цена на електричната енергија. Ако ја повториме пресметката со зголемување на цената за само 15 %, периодот на отплата на инвестицијата ќе биде уште помал, по што ќе следи дека самото зголемување на цената на електрична енергија значително ќе влијае во смисла на намалување на рокот на враќање на инвестицијата.

Покрај позитивните ефекти што ги нуди предлог-решението за реконструкција и модернизација на јавното осветлување (голема заштеда во ел. енергија и идното одржување), многу е важно што ќе се добие и многу поквалитетно ниво на осветленост што ќе доведе до подобрување на условите за одвивање на сооброќајот, што ќе доведе до подобрување на условите за одвивање на сообраќајот и движењето на пешаците во ноќни услови, а сето тоа ќе придонесе за подобрување на сликата за градот во смисла на неговиот естетски изглед.

Изборот на бојата на ЛЕД осветлувањето, односно распоредот по улици е исклучително право на стручните служби на Општината. Воглавно, се предвидува топло бела боја, освен на одредени главни сообраќајници, шеталишта и рефлектори, каде што се предвидува портокалова боја.

Врз основа на направената анализа се препорачува Општина Охрид да продложи со натамошен развој и имплементација на развојниот проект - реконструкција и модернизација на јавното осветлување по пат на формирање на договор за јавно-приватно партнерство, според концептот кој што е најповолен за Општината, а сепак ќе биде атрактивен за приватниот партнер.

### *Вкупен потенцијал за енергетска ефикасност*

Потенцијалот за енергетска ефикасност по вид на потрошувачка на енергија прогнозиран за 2013 година е даден во MWh/годишно. Резултатите од прегледот покажуваат дека вкупната годишна потрошувачка на енергија може да се намали од 10.578 MWh на 8.497 MWh, што е 24,0% намалување во споредба со сегашната ситуација. Во ова намалување, најголем поединечен придонес е уличното осветление со заштеди од околу 61% во 2013 година. Реализацијата и постигнувањето на овие цели е зависна од спроведување на програмата за енергетска ефикасност односно идентификуваните поединечни проекти.

Потенцијалните заштеди на енергија во следните три години изнесуваат:

**2012 година**

| Вид на потрошувачка на енергија | Пред ENCON (MWh/год.) | После ENCON (MWh/год.) | ENCON потенцијал (MWh/год.) | Заштеда на енергија (%) |
|---|---|---|---|---|
| Потрошувачка на дрва за греење | 199 | 161 | 38 | 19,1% |
| Потрошувачка на нафта за греење | 4.184 | 3.353 | 831 | 19,9% |
| Потрошувачка на електрична енергија | 1.423 | 1.228 | 195 | 13,7% |
| Потрошувачка на електрична енергија – улично осветление | 4.286 | 3.771 | 515 | 12,0% |
| **Вкупно** | **10.092** | **8.513** | **1.579** | **15,6%** |

**2013 година**

| **Вид на потрошувачка на енергија** | **Пред ENCON (MWh/год.)** | **После ENCON (MWh/год.)** | **ENCON потенцијал (MWh/год.)** | **Заштеда на енергија (%)** |
|---|---|---|---|---|
| Потрошувачка на дрва за греење | 199 | 158 | 41 | 20,6% |
| Потрошувачка на нафта за греење | 4.545 | 3.428 | 1.117 | 24,6% |
| Потрошувачка на електрична енергија | 1.513 | 1.120 | 393 | 26,0% |
| Потрошувачка на електрична енергија – улично осветление | 4.321 | 3.791 | 530 | 12,3% |
| **Вкупно** | **10.578** | **8.497** | **2.081** | **19,7%** |

**2014 година**

| **Вид на потрошувачка на енергија** | **Пред ENCON (MWh/год.)** | **После ENCON (MWh/год.)** | **ENCON потенцијал (MWh/год.)** | **Заштеда на енергија (%)** |
|---|---|---|---|---|
| Потрошувачка на дрва за греење | 199 | 122 | 77 | 38,7% |
| Потрошувачка на нафта за греење | 4.654 | 3.442 | 1.212 | 26,0% |
| Потрошувачка на електрична енергија | 1.638 | 1.161 | 477 | 29,1% |
| Потрошувачка на електрична енергија – улично осветление | 4.485 | 3.725 | 760 | 17,0% |
| **Вкупно** | **10.976** | **8.450** | **2.526** | **23,0%** |

## 2.6 Препораки за спроведување на програма за енергетска ефикасност на уличното осветление во општината

Бидејќи голем дел од изворите на светлина во постојните инсталации за улично осветление во Општина Охрид се релативно енергетски неефикасни, најголемите заштеди во нив се постигнати со замена на живините сијалици со висок притисок (ЖСВП) со натриумови сијалици со висок притисок (НСВП) или со компактни флуоресцентни сијалици (КФС). Покрај подобрата енергетска и светлосна ефикасност, денешниот развој на светлосни извори овозможува на пазарот да се нудат НСВП и КФС со се поголем животен век. Сепак, според најновиот тренд во областа на јавното и улично осветление, се препорачуваат ЛЕД светилките кои имаат најдобри светлотехнички карактеристики, а според тоа нудат и најдобра енергетска ефикасност.

Зависно од висината на потребните инвестиции, активностите на овој план беа изведувани во три групи:

Во првата група, постојните ЖСВП се заменуваа со специјални таканаречени „замenски“ НСВП (КФС). За оваа активност се потребни најмали инвестиции, но и заштедите не електрична енергија, односно намалувањето на трошоците за потрошената електрична енергија се скромни.

Во втората група, постојните ЖСВП се заменуваат со стандардни НСВП (КФС), вклучително и соодветниот контролен уред и игнитор.

На крајот, во третата група спаѓаат зафатите со најголеми инвестициони вложувања, при што треба да се заменат не само изворите на светлина (сијалиците), туку и самите светилки. Ваквите зафати даваат и можности за најголеми заштеди.

Во Општина Охрид, на местата каде постојните светилки се во добра состојба, изборот беше направен меѓу првите две опции, каде се потребни релативно мали инвестициони вложувања, додека на местата каде светилките се во лоша состојба (стари, дотраени или нефункционални) се спроведе третата група т.е. комплетна замена на светилки и сијалици.

Со студијата за јавно и улично осветлување на градот, како и со отворениот повик за промена на светилките со штедливи, ЛЕД, се предвидува голема заштеда (од околу 60% ) во однос на постоечките светилки, а со тоа значително ќе се подобри и целокупната енергетска ефикасност во Општина Охрид

## *2.7 Предизвици за спроведување на мерки за енергетска ефикасност во општината*

Генералниот заклучок со оваа програма е дека има многу можности во Општината за спроведување на мерки за енергетска ефикасност, која таа може да ги реализира со помош на соодветните алатки (развиената база на податоци) и обучениот тим. Тоа гарантира ефикасно и успешно спроведување на иницијативите и проектите од оваа област.

Главните насоки за општината како да ги надмине предизвиците пред себе во однос на ефикасно спроведување на активностите од оваа програма, се поделени во три категории:

**Инвестиции (Пристап до извори и Алокација на средства)**

***Активности за зголемување на пристап до капитал:***

Зголемување на свеста/ креирање на кампања за подобрување на условите на учење на децата во основните училишта, со цел создавање на фонд за доброволно учество во рамките на овие објекти каде семејствата на децата ќе помогнат финансиски или со работа во спроведување на мерки за реновирање на училиштата и градинките.

Анимирање на донаторските институции и владините тела за инвестирање во проекти коишто имаат за цел подобрување на сеопштата состојба во општинските згради, со што посредно ќе помогнат на локалното население.

Во рамките на општинскиот буџет, градоначалникот и општинскиот совет да предвидат средства кои што ќе бидат наменети за спроведување на мерки за енергетска ефикасност во општината според приоритетите и методологијата за избор предвидени со оваа програма.

Создавање на партнерство со локалните фирми/ фирми кои работат на ESCO[3] концепт во општината, коишто би допринеле со свои доброволни средства како придонес за локалната заедница; иницијативата може да се спроведе со креирање на фонд за доброволно учество на локалните фирми.

Анимирање на локалните и регионални банки за кредитирање на профитабилни проекти за енергетска ефикасност во Општината кои би се спроведувале во заеднички проекти со банките по задоволување на барањата од страна на кредиторите преку изработка на бизнис планови и обезбедување на гаранции.

Општината треба да работи на изготвување на основни програми за одржување и работење на енергетските системи за топлинска и електрична енергија заедно со персоналот во објектите (основните училишта). Преку базата за податоци, Општината треба постојано да ги следи, сугерира и укажува на аномалиите и истите кога е потребно ги отстрани.

Општината јасно да ги потврди одговорностите и задачите на луѓето од општината кои се обучени и задолжени за спроведување на активностите за енергетска ефикасност на општинските згради дадени во оваа програма.

Тоа ќе допринесе задобро и ефикасно спроведување на програмата за енергетска ефикасност во општината.

3 ESCO – Energy Service Company (Компанија за енергетски услуги) е специјализирана компанија која изработува анализи, проектира и дава оптимално ефикасно решение, набавува и интсалира опрема и го одржува системот за да осигура постигнување на заштеди на енергија за време на периодот на враќање.

**Зголемување на свеста (идентификација/ пренесување на најдобри практики и споредба на основа на податоци)**

***Идентификација и пренесување на најдобри практики***

Општината, во соработка со ЗЕЛС, Министерството за локална самоуправа и Министерството за образование, како и невладини организации и странски донаторски институции, за да ја идентификуваат и зголемат свеста на населението за поефикасно користење на енергетските системи и извори преку презентација на позитивни примери и локални иницијативи. Оваа иницијатива може да се спроведе преку организирање на кампања за енергетска ефикасност која би вклучила изработка и делење на летоци и организирање на емисии за енергетска ефикасност во општините.

***Креирање на алатки за споредба***

Преку постојано надгледување и полнење на изработената база на податоци со нови информации од објектите коишто се под владение на општината и правење на анализи, ќе може да се следи развојот на потрошувачката на енергија како и други промени. Притоа, резултатите од мерењето и анализите потребно е да бидат достапни за јавноста.

**Целосно користење на можностите на локалната самоуправа**

Општината е потребно постојано да се ангажира за создавање и следење на проекти за енергетска ефикасност и да развие Акциони планови за енергетска ефикасност секоја година. На почеток на секоја година е потребно да се сумираат резултатите од претходната година и да се увидат сите успеси/ неуспеси во спроведување на мерките за енергетска ефикасност во рамките на расположливите средства и спроведени активности од страна на општината и нејзините учесници.

## 3.ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ

Целта на Програмата за ЕЕ на Општина Охрид е поекономично и поефикасно користење на енергијата, со што ќе се намалат буџетските трошоци за енергија. Исто така, Општината се залага за задоволување на еколошките аспекти, што подразбира намалување на штетните стакленички гасови во атмосферата.

## *3.1. Долгорочни цели*

Очекуваните резултати од преземените мерки за ЕЕ на Општината се:

- намалување на просечната потрошувачка на енергија ( kWh/m2 )
- намалување на делот за енергија во општинските инвестиции
  подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност во училиштата , градинките и јавните објекти во надлежност на Општината
- намалување на емисиите на CO2 во атмосферата
- навремено откривање на енергетските системи со голема потрошувачка и нивно реконструирање
- користење на обновливи извори на енергија

Активностите преку кои Општината ќе ги реализира овие цели се:

- среднорочни и долгорочни планирања на потрошувачката на енергија
- одржување на базата на податоци
- мерење и следење на потрошувачката на енергија
- следење и применување на најдобрите пректики од обласата на ЕЕ
- користење на обновливи извори на енергија
- изнаоѓање на финансиски средства за реализација на проекти
- реализирање на кампањи за подигање на социјалната свеста кај населението за потребата од одржлив развој

## *3.2.Среднорочни цели*

Средноричните цели кои се опфатени со Програмата се однесуваат за период од 2012 – 2014 година.

Поставените цели за овој период се следни:

- До 2013 година да се намали просечната потрошувачка на енергија (kWh/m2) за 20%,
- До 2013 година да се намали делот за енергија во општинскиот буџет за 20%,
- Подобрување на внатрешните услови до стандардно ниво на удобност во 30% од зградите во надлежност на општината,
- Да се заменат најмалку 60% од светилките за улично осветление,
- Замена на оштетени прозори и врати, поставување на изолација на зидните и тавански површини
- Реконструирање на котларите во објектите
- Да се намали штетната емисија за 10% од сегашната.

Стратегија на Општината за постигнување на овие цели е:

- Формирање на одделение за енергетска ефикасност

- Ажурирање на базата на податоци за енергетска ефикасност
- Планирање на дел од буџетот предвиден за трошоци за енергетска ефикасност

## *3.3 Цели за 2012 година (Акционен план за 2012 година)*

Целите во акциониот план за енергетска ефикасност за 2012 година се следни:

- продолжување на работењето на тимот за енергетска ефикасност
- реализирање на проектите предвидени во првата фаза од Програмата
- замена на старите светилки со енергетски ефикасни светилки,
- намалување/ исклучување на греењето во основните училишта и детските градинки за време на зимскиот распуст, празници и викенди, преку опремување училиштата и детските градинки со опрема за регулација на системите за греење и далечинска контрола и управување,
- намалување на специфичната потрошувачка на енергија по m2 за 5% во општинските објекти

### *4 ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ 2012-2014*

## *4.1 Активности и временски распоред*

1) Замена на улични живини светилки со штедливи светилки
2) Промена на врати, санација на подови и промена на кров во ОУ „Григор Прличев“ (стара и нова зграда)
3) Замена на дограма и термо фасада во ОУ „Христо Узунов“
4) Промена на дограма, парен котел и промена на кров во ОУ „Братство Единство“
5) Промена на прозори и санација на подрачно училиште ОУ „Св. Климент Охридски“
6) Замена на стари олуци и кршачи на снег и промена на кров во ОУ „Ванчо Николески“
7) Санација на кров во ОУ „Кочо Рацин“
8) Промена на кров, промена на прозори и санирање на тавани во ОУ „Св. Наум Охридски“
9) Промена на дограма во ОМУ „Методи Патче“
10) Реновирање на соблекувални во ОСУ „Св.Климент Охридски“
11) Замена на дограма и санација на дел од кров во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“
12) Промена на кров и санација на фасада во ОУТУ „Ванчо Питошески“
13) Замена на дограма и промена на кров во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“
14) Замена на дограма и нова фасада на зградата на администрацијата на Општина Охрид

***Забелешка:***

1. Предложените проекти се направени според принципот на приоритети во Општината во согласност со можностите за финансирање од страна на општината и учество од надворешни извори (локален самопридонес, донации и кредити)

2. Проценетите инвестиции се основаат на извршените согледувања и проценки на тимот за енергетска ефикасност на Оптштината според увид и сознанија за потребните зафати за идентификуваните проекти согласно направените приоритети. Детален увид и план за инвестициите ќе биде предмет на поединечно изработени проекти согласно програмата и динамичкиот временски план.

3. Периодот на враќање на проценетите инвестии е направен врз основа на искуствени знаења согласно идентификуваните проекти. Прецизни финансиски показатели за проектите ќе бидат предмет на енергетски аудити по детален увид и анализа за секој поединечен проект.

4. **Временски распоред за среднорочен акционен план 2012 – 2014 година**

| | **2012** | | | | **2013** | | | | **2014** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност<br>Квартал | **1** | **2** | **3** | **4** | **1** | **2** | **3** | **4** | **1** | **2** | **3** | **4** |
| 1) Замена на улични живини светилки со штедливи светилки | | x | x | | | | | | | | | |
| 2) Промена на врати, санација на подови и промена на кров во ОУ „Григор Прличев“ (стара и нова зграда) | | x | x | | | x | | | | x | | |
| 3) Замена на дограма и термо фасада во ОУ „Христо Узунов“ | | x | x | | | | | | | | | |
| 4) Промена на дограма, парен котел и промена на кров во ОУ „Братство Единство“ | | | x | | | x | | | | x | | |
| 5) Промена на прозори и санација на подрачно училиште ОУ „Св. Климент Охридски“ | | | x | x | | | | | | | | |
| 6) Замена на стари олуци и кршачи на снег и промена на кров во ОУ „Ванчо Николески“ | | | x | | | | | | x | x | | |
| 7) Санација на кров во ОУ „Кочо Рацин“ | | | | | | | | | | | x | x |
| 8) Промена на кров, промена на прозори и санирање на тавани во ОУ „Св. Наум Охридски“ | x | | | | | | x | | | | | |
| 9) Промена на дограма во ОМУ „Методи Патче“ | | | | | | | | | | | | |
| 10) Реновирање на соблекувални во ОСУ „Св.Климент Охридски“ | | | x | | | | | | | | | |
| 11) Замена на дограма и санација на дел од кров во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ | | x | x | | | | x | | | | | |
| 12) Промена на кров и санација на фасада во ОУТУ „Ванчо Питошески“ | | | | | | | | x | x | | | |
| 13) Замена на дограма и промена на кров во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ | | | x | | x | | | | | x | | |
| 14) Замена на дограма и нова фасада на зградата на администрацијата на Општина Охрид | | | | | | | | | | x | | |

## Општи мерки за ен. ефикасност во зградите на општина Охрид

| **<u>Систем</u>** | **<u>Препорака</u>** |
|---|---|
| Систем за греење, вентилација и ладење | Да се проверат сите инсталации во системот и донесат на максимум ниво на ефикасност, да се обезбедат, испитаат, каде е потребно да се инсталираат контролни системи, термостати за регулирање на топлинската енергија, да се развие основен протокол за одржување и |

| | |
|---|---|
| | да се обучат/ информираат луѓето кои управуваат со системите за начинот на управување и одржување на системите за греење, вентилација и ладење. Проверка на цевниот систем и подстаници, да се намали времето на греење и да се користи само тогаш е потребно, да се исклучи греењето за време на викендите. |
| Осветлување во зградите | Да се спроведе проверка на осветлувањето во просториите, доколку е економски оправдано и во корист на децата (зголемување на осветленоста во просториите) да се употреби ефикасен систем на осветлување (на пример ефикасно флуоресцентно осветлување), да се инсталираат сензори за контрола на осветлувањето во зависност од користењето/ употреба на осветлување по групи, и слично. |
| Прозори | Да се провери состојбата на прозорите во сите простории. Доколку се оштетени и стари, да се поправат или доколку е финансиски можно да се заменат со прозори со термопан стакло. |
| Изолација | Потребно е да провери изолацијата на фасадата, подот и кровот и каде е потребно да се планира инсталирање на изолација. |
| Пумпи | Проверка на пумпите за греење и снабдување со вода и анализирање на мотирите поголеми од 0,5 kW дали се соодветно избрани и од аспект на ефикасност, и нивна замена каде е потребно. |
| Канцелариска опрема и производи | Купување на опрема и материјали кои што имаат ниска “разумна“ потрошувачка на енергија и кои што не ја загадуваат животната средина. |
| Нови технологии | Поддршка за имплементација на нови технологии на енергетски системи. |

## *4.2 Инвестиции*

Вкупните капитални потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот 2012-2014 се 74.580.000 денари. Инвестициите се планира да се добијат од различни извори дадени во следната табела.

| Тип | Извор | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|---|
| | | (ден/год.) | (ден/год.) | (ден/год.) |
| **Сопствени средства (капитал)** | Општински Буџет (50%) | 23.480.000,00 | 8.700.000,00 | 5.110.000,00 |
| **Надворешни извори** | Донатори, локални банки и фондови | 23.480.000,00 | 8.700.000,00 | 5.110.000,00 |
| **Вкупно:** | | 46.960.000,00 | 17.400.000,00 | 10.220.000,00 |

Според сегашната законска регулатива, Општините во Македонија се во можност за аплицираат за кредити за финансирање на проекти во локалните банки. Но недоволното познавање на придобивките за енергетска ефикасност и начинот на функционирање во државата, администрацијата и банкарскиот сектор е ограничувачки фактор за алокација на средства и спроведување на проекти од оваа област.

Планот за планирање на инвестиции (финансирање) на предвидените проекти за енергетска ефикасност и реконструкции (усвоени и планирани буџетски средства од страна на сопствени извори на Општината) е даден во следната табела:

| | **Проценета** | **Година** | | |
|---|---|---|---|---|
| **Проект** | **инвестиција** | **2012** | **2013** | **2014** |
| Проект 1 | 2.850.000,00 | 850.000,00 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| Проект 2 | 2.700.000,00 | 2.700.000,00 | | |
| Проект 3 | 3.000.000,00 | 1.000.000,00 | 2.000.000,00 | |
| Проект 4 | 1.050.000,00 | 450.000,00 | | 600.000,00 |
| Проект 5 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 | | |
| Проект 6 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | |
| Проект 7 | 560.000,00 | 60.000,00 | 500.000,00 | |
| Проект 8 | 520.000,00 | 520.000,00 | | |
| Проект 9 | 800.000,00 | 300.000,00 | 500.000,00 | |
| Проект 10 | 240.000,00 | 240.000,00 | | |
| Проект 11 | 3.600.000,00 | 2.400.000,00 | 1.200.000,00 | |
| Проект 12 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | | |
| Проект 13 | 850.000,00 | 800.000,00 | | |
| Проект 14 | 500.000,00 | 500.000,00 | | |
| Проект 15 | 5.000.000,00 | 2.300.000,00 | 1.300.000,00 | 1.400.000,00 |
| Проект 16 | 2.310.000,00 | | 1.200.000,00 | 1.110.000,00 |
| Проект 17 | 3.380.000,00 | 2.880.000,00 | 500.000,00 | |
| Проект 18 | 857.280,00 | 357.280,00 | 500.000,00 | |
| Проект 19 | 1.092.720,00 | 592.720,00 | | 500.000,00 |
| Проект 20 | 730.000,00 | 230.000,00 | | 500.000,00 |
| Проект 21 | 3.800.000,00 | 3.800.000,00 | | |
| **Вкупно:** | **37.290.000,00** | **23.480.000,00** | **8.700.000,00** | **5.110.000,00** |

Вкупните капитални потреби за спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид во периодот 2012 – 2014 година се 74.580.000,00 ден.

Проектите наведи во горната табела се:

Проект 1 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Григор Прличев“
Проект 2 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Христо Узунов“
Проект 3 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Братсво Единство“ (Лескајца)
Проект 4 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Братство Единство“ (Крст Џамија)
Проект 5 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Св. Климент Охридски“
Проект 6 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Кочо Рацин“ (централно)
Проект 7 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Кочо Рацин“ (подрачно)
Проект 8 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Живко Чинго“
Проект 9 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Ванчо Николески“ (централно)
Проект 10 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Ванчо Николески“ (подрачно)
Проект 11 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Св. Наум Охридски“ (централно)
Проект 12 опфаќа капитални инвестиции во ОУ „Св. Наум Охридски“ (подрачно)

Проект 13 опфаќа капитални инвестиции во ОМУ „Методи Патче“
Проект 14 опфаќа капитални инвестиции во ОСУ „Св. Климент Охридски“
Проект 15 опфаќа капитални инвестиции во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“
Проект 16 опфаќа капитални инвестиции во ОУТУ „Ванчо Питошески“
Проект 17 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (централна)
Проект 18 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Билјана)
Проект 19 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Развигорче)
Проект 20 опфаќа капитални инвестиции во ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ (Росица)
Проект 21 опфаќа капитални инвестиции во зградата на администрацијата на Општина Охрид

Како се уште нова гранка, енергетската ефикасност се судира со други проекти од области на подобрување на инфраструктура и административно работење коишто претставуваат конкуренција во финансирање од буџетот на Општината и тешкотија во давање на приоритет на проекти за енергетска ефикасност.

***Критериуми за прифатливост на проекти***

Во основа, финансиски извори ќе се обезбедуваат за проекти кои:

Покажуваат економска корисност за инвестиции во енергетска ефикасност

Имаат економска оправданост создадена преку документирани енергетски заштеди

Генерираат корист за животната средина преку намалена емисија на стакленички гасови и атмосферски загадувачи

Покажуваат техничка возможност на системите за енергетска ефикасност

Промовираат нови технологии

Нудат голема веројатност за реплицирање во иднина

Имаат јасна временска рамка за период на враќање на инвестицијата

Имаат спонзори на проектот (ЕСКО, фондови, финансиски инструменти, донаторски организиции, инженерски фирми) кои имаат технички и менаџерски способности за успешно раководење и завршување на проектот.

***Прифатливи типови на проекти за енергетска ефикасност***

Општината Охрид ќе прифати широка дефиниција за енергетска ефикасност која ќе опфати широк спектар на технологии и опрема за заштеда на енергија. Потенцијалните проекти можат да бидат имплементирани во образовните и други општинските објекти или јавното улично осветление. Прифатливи мерки за енергетска ефикасност ги вклучуваат, но и не се ограничуваат на следните типови на проекти:

- Надградување и реконструкција на грејни системи, вклучувајќи: инсталации на термостатски вентили, цевно напојување во грејната мрежа и зафати во котлари;
- Спроведување на мерки за надградба, вклучувајќи термална изолација за прозори, врати, тавани и зидови;
- Имплементација на високо-ефикасен систем за осветление
- Имплементација на електрични мотори со висока ефикасност и пумпи
- Надградување или замена на котли, бренери и печки за греење
- Улично осветление
- Подобрување на системот за пренос на енергија
- Контроли, мерачи на проток, броила, инструменти, дата логери

- Системи за автоматско управување и контрола на потрошувачка на енергија

## 4.3 Заштеди

Со спроведување на програмата за енергетска ефикасност во Општина Охрид има потенцијал да се постигнат значителни заштеди на енергија коишто за периодот 2012-2014 се сумирани во следната табела. Заштедите во парични средства во 2014 година се кумулативни за сите три години од програмата, односно секоја наредна година ги вклучува заштедите од претходната година или години.

*Сумарни годишни нето заштеди во периодот 2012-2014 година*

| **Елементи за Заштеди** | **Заштеди 2012** [ден/год.] | **Заштеди 2013** [ден/год.] | **Заштеди 2014** [ден/год.] |
|---|---|---|---|
| Заштеди на нафта за греење – згради | 4.902.000 | 7.262.000 | 8.363.000 |
| Заштеда на топлинска енергија од дрва – згради | 87.000 | 94.000 | 177.000 |
| Заштеди на електрична енергија – згради | 2.112.000 | 2.385.000 | 3.724.000 |
| Заштеди на електрична енергија – улично осветление | 800.000 | 1.769.000 | 2.337.000 |
| Намалени трошоци за работа и одржување | 248.000 | 286.000 | 303.000 |
| Намалени давачки за животна средина | 51.000 | 72.000 | 71.000 |
| Вкупни заштеди | 8.200.000 | 11.868.000 | 14.975.000 |
| Оперативни трошоци | 820.000 | 1.187.000 | 1.498.000 |
| **Вкупно нето заштеди** | 7.380.000 | 10.681.000 | 13.477.000 |

Во следните табели се дадени потенцијалните заштеди на енергија (топлинска и електрична) за секоја година посебно во периодот 2012–2014 година.

*Годишни нето заштеди во 2012 година*

| Мерка | сегашна состојба | | после нова мерка | | нето заштеди | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вредност | ден./год. | вредност | ден./год. | вредност | ден./год. |
| топлинска енергија - нафта за греење (kWh) | 4.184 | 24.685 | 3.353 | 19.782 | 831 | 4.902 |
| топлинска енергија - дрва за греење (kWh) | 199 | 458 | 161 | 370 | 38 | 87 |
| електрична енергија - ул. осветление (kWh) | 4.286 | 17.573 | 3.771 | 15.461 | 515 | 2.112 |
| електрична енергија - згради (kWh) | 1.423 | 5.834 | 1.228 | 5.035 | 195 | 800 |
| намалени трошоци за работа и одржување | | 2.461 | | 2.213 | | 248 |
| намалени давачки за зашт. животна средина | | 582 | | 531 | | 51 |
| вкупни заштеди | | 51.593 | | 43.392 | | 8.200 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| оперативни трошоци | | 5.159 | | 4.339 | | 820 |
| Вкупно нето заштеди: | | | | | | 7.380 |

*Годишни нето заштеди во 2013 година*

| Мерка | сегашна состојба | | после нова мерка | | нето заштеди | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вредност | ден./год. | вредност | ден./год. | вредност | ден./год. |
| топлинска енергија - нафта за греење (kWh) | 4.545 | 29.543 | 3.428 | 22.281 | 1.117 | 7.262 |
| топлинска енергија - дрва за греење (kWh) | 199 | 458 | 158 | 363 | 41 | 94 |
| електрична енергија - ул. осветление (kWh) | 4.321 | 19.445 | 3.791 | 17.060 | 530 | 2.385 |
| електрична енергија - згради (kWh) | 1.513 | 6.809 | 1.120 | 5.040 | 393 | 1.769 |
| намалени трошоци за работа и одржување | | 2.517 | | 2.231 | | 286 |
| намалени давачки за зашт. животна средина | | | | 542 | | 72 |
| вкупни заштеди | | 59.386 | | 47.517 | | 11.868 |
| оперативни трошоци | | 5.939 | | 4.752 | | 1.187 |
| Вкупно нето заштеди: | | | | | | 10.681 |

*Годишни нето заштеди во 2014 година*

| Мерка | сегашна состојба | | после нова мерка | | нето заштеди | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вредност | ден./год. | вредност | ден./год. | вредност | ден./год. |
| топлинска енергија - нафта за греење (kWh) | 4.654 | 32.112 | 3.442 | 23.750 | 1.212 | 8.363 |
| топлинска енергија - дрва за греење (kWh) | 199 | 458 | 122 | 281 | 77 | 177 |
| електрична енергија - ул. осветление (kWh) | 4.485 | 21.977 | 3.725 | 18.253 | 760 | 3.724 |
| електрична енергија - згради (kWh) | 1.638 | 8.026 | 1.161 | 5.689 | 477 | 2.337 |
| намалени трошоци за работа и одржување | | 2.544 | | 2.241 | | 303 |
| намалени давачки за зашт. животна средина | | 628 | | 557 | | 71 |
| вкупни заштеди | | 65.745 | | 50.771 | | 14.975 |
| оперативни трошоци | | 6.575 | | 5.077 | | 1.498 |
| Вкупно нето заштеди: | | | | | | 13.477 |

Пресметката на заштедите на енергија се базира на следните просечни цени:

Цена: денари:

1. Литар екстра масло (нафта за греење) 65
2. Дрва 1 м$^3$ 2700
3. Улично осветление (kWh) 4,07
4. Згради (kWh) 4,20

## 4.4 Влијание врз животната средина

Преку спроведување на Програмата за ЕЕ, директно се допринесува за заштита на животната средина. Преку намалената потрошувачка на електрична енергија индиректно се влијае на емисијата на штетни гасови во атмосферата, додека со намалената количина на согорено гориво се намалува емисијата на стакленички гасови.

Резултатите од намалените емисии на штетни гасови на годишно ниво од заштедено гориво и електрична енергија се претставени во следната табела:

| Мерки и резултати | намалена потрошувачка /емисии (кг/год) | $CO_2$ (кг/год) | $SO_2$ (кг/год) | NO (кг/год) | CO (кг/год) | VOC (кг/год ) | прашина (кг/год ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| намалена потрошувачка на топлинска енергија | 33874 | 107453 | 198 | 156 | 30 | 8 | 9,5 |
| намалени емисии на прашина/ честички | 8500 | | | | | | |
| Вкупно намалување | | 107453 | 198 | 156 | 30 | 8 | 9,5 |

## 4.5. Подобрување на квалитетот на услугите на Општината

Преку спроведување на Програмата за ЕЕ, ќе се подобрат и услугите кои ги дава Општината. Преку свеста за ЕЕ во Општината ќе се намалат загубите на енергија кои се последица од неажурно управување со топлинските системи во објектите. Истовремено ќе се зголеми и свеста за одржување на системите, односно фактот дека со редовно одржување на системите се продолжува нивниот работен век на експлоатација, а при тоа навремено се воочуваат грешки, слабости и се иницира потреба за интервенција на енергетските системи. Преку одржување и надградба на базата на податоци за општинските објекти и уличното осветлување ќе се има увид во потребите за интервенции и инвестирање во Општината, а со тоа ќе се приоретизираат мерките за енергетска ефикасност според утврдените критериуми на Општината.

## 4.6 Дополнителни придобивки

Во дополнителните придобивки што Општината ги има со спроведување на програмата за енергетска ефикасност се вбројуваат:

- Подобрување на здравјето на децата и учениците во основните и средни училишта и детските градинки и условите за учење преку намалување на варијациите во греење и подобрување на протокот на воздух во образовните простории
- Намалување на степенот на криминал како резултат на подобрено улично осветление, замените светилки и обновени прегорени сијалици
- Намалување на сообраќајни незгоди во вечерните часови
- Подобрување на квалитетот на живеење во општината

*5. ФИНАНСИСКИ ПЛАН*

## 5.1 Финансиска шема

Според законската регулатива во Република Македонија, единиците на локална самоуправа се здобија со право да користат кредити од банки, лизинг, обврзници и други видови на позајмување согласно можностите за задолжување и поединечниот кредитен рејтинг на Општините.

Во одделот за расходи за образовавание најголемиот дел на средства се употребуваат за покривање на тековното одржување на училиштата и детските градинки, снабдување со нафта, дрва, електрична енергија, вода, ѓубретарина, ПТТ услуги, канцелариски материјал и друго. Буџетот за капитални инвестиции Општината го добива, доколку има добри проекти, во соработка со Министерството за економија и други владини институции.

Според буџетот на Општината во 2012 година како и заради очекуваниот зголемен буџет во наредните години, Општината е во состојба да ја спроведе програмата за енергетска ефикасност во периодот 2012-2014 година со динамиката на финансирање од сопствен извор со поддршка на донаторските организации и други институции.

Поставување на партнерства помеѓу тимот за енергетска ефикасност на Општина Охрид за енергетска ефикасност ќе подготвува извештаи кои ќе бидат доставени до координаторот на тимот за да се обезбеди дека перформансите на функциите се соодветни и ги подржуваат целите за енергетска ефикасност.

## 5.2 План за финансирање

Основниот концепт на правење на буџет во Општина Охрид е функционирање на структурите во Општината и имплементација на целите во вид на проекти коишто Општината ги има поставено пред себе за тековната година. Поради ограничените финансиски средства од буџетот наменети за финансирање на проекти, Општината гради партнерства со владини и невладини организации, донаторски институции како и локалното население. Со взаемни напори на институциите и Општината, успеваме да реализираме поголем дел од своите цели за секоја тековна година.

Во одделот за расходи за образовавание најголемиот дел на средства се употребуваат за покривање на тековното одржување на училиштата и детските градинки, снабдување со нафта, топлинска енергија, електрична енергија, вода, ѓубретарина, канцелариски материјал и друго.

Со спроведување на процесот за децентрализација, Општина Охрид доби можност да се задолжува со кредити од банкарскиот сектор, па така планот за финансирање Општината го гради врз основа на кредитни задолжувања, своите буџетски ресурси и фондови од донаторски организации, невладини здруженија и амбасади во Македонија. Во тие рамки, за ефикасно спроведување на проектите, Општината ќе настојува да навремено и квалитетно изработува проекти како и дава извештаи за напредокот и резултатите од имплементацијата на истите и на тој начин ги потврди своите напори и залагање да создаде подобри услови за живеење и работа на своите граѓани. На тој начин ќе придонесе и за намалување на потрошувачката на енергија во општинските објекти и уличното осветление на територијата на Општината, а притоа градејќи ефикасни и долготрајни енергетски системи и инфраструктура на објектите односно подобра енергетска ефикасност.

## 6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за Енергетска Ефикасност на Општината е среднорочен план и документ за политика што ќе се спроведува во Општината. Претставници и експерти од Општината се вклучени во развојот на Програмата. Ова овозможи создавање на правилни процедури во организацијата на Општината за подоцна истите да бидат користени како што е предвидено во Програмата.

Членови на тимот за енергетска ефикасност во Општина Охрид се:

- Вера Рауник, виш соработник во одделението за заштита на животна средина
- Зоран Трпески, соработник во одделението за заштита на животна средина
- Серафим Булоски, виш соработник во одделението за Локален Економски Развој
- Здравко Петрески, советник за енергетика во одделението за комунални дејности
- Сашо Вељаноски, соработник за улично осветлување во одделението за комунален развој
- Серафим Наумоски, раководител на одделение за образование

Тимот за Енергетска Ефикасност е формиран во рамките на организационата структура на Општината и неговите членови се поставени од Градоначалникот. Целите на Програмата за ЕЕ претставени во овој документ може да се постигнат и исполнат само со активно учество на претставниците од Општината Охрид.

## 6.1 Учесници и извршители на програмата: Тим за енергетска ефикасност

Како дел од стратегијата за енергетска ефикасност, формиран е тим за енергетска ефикасност во рамките на локалната администрација во Општина Охрид. Тимот за енергетска ефикасност во општината е одговорен за работата поврзана со енергетската ефикасност со следните надлежности:

- да координира и спроведе проекти за енергетска ефикасност во Општината и да следи и да доставува извештаи за резултатите;
- да учествува во подготовка на општинскиот буџет за трошоците за енергија и одржувањето на опшинските згради и уличното осветление;
- да работи и управува со базата на податоци на општинските згради и следењето на енергија;
- да иницира и координира активности со владини и невладини организации за спроведување на проекти за енергетска ефикасност како и донаторски организации и фондови коишто подржуваат локален развој;

- да организира тендерски документи и да управува со надворешни експерти и консултанти за енергетски преглед, стопанско планирање, управување со проект, итн.

Тимот го предводи координатор на тимот кој директно го известува Градоначалникот на Општината. Описот на работните задачи на координаторот на тимот и на останатите членови на тимот се дефинирани и се соодветно ажурирани кога е потребно.

*Координатор на Тимот за Енергетска Ефикасност (Координатор на Проект)*

Успехот на Програмата е целосно зависен од посветеноста, учеството и ангажираноста на Координатор на Тимот за Енергетска Ефикасност. Општи одговорности на координаторот на тимот за енергетска ефикасност:

- да управува со проекти за развој на Програмата во Општината Охрид;
- да ги одредува улогите, одговорностите и мандатите на ЕЕ Тимот;
- да ја објаснува содржината и да ги распределува задачите во ЕЕ Тимот и доколку е потребно, да покани и други личности од Општината како привремени членови на тимот или да ангажира надворешни советници;
- да ја следи и навремено да известува за напредокот на Програмата до Градоначалниот;
- да дава извештаи за напредокот и развојот на Програмата пред Советот на Општината;
- да ја следи употребата и надградувањето на базата на податоци и соодветното ажурирање на податоците за потрошувачка на енергија во општинските објекти.

*Членови на Тимот за Енергетска Ефикасност*

Членовите на Тимот за Енергетска Ефикасност се од различни оддели од Општината. Тие се во можност тесно да соработуваат со надворешните советници за извршување на задачите, да ги одредуваат задачите и контролираат резултатите. Општи одговорности на членовите на тимот за енергетска ефикасност:

- поврзување на Програмата со визијата и стратегијата за развој на Општината и истражување на правната рамка за развој и спроведување на Програмата;
- одредување, следење и ажурирање на долгорочните цели како и среднорочните цели за 2012-2014;
- работа на формирање и управување на базата на податоци, собирање и чување на податоците (типовите на градба на згради, технички системи, енергетски системи, извори на енергија и уреди, како и со основните начела кои се однесуваат за администрацијата во зградите);
- собирање и анализирање на неопходните факти и основни информации за идентификација на пречките и подготовка на Нацрт документи за Општинскиот Совет за развој на Програмата за Енергетска Ефикасност;
- опишување/ ажурирање на состојбата на зградите под општинска надлежност и потрошувачката на енергија, правење на основни проценки и пресметка на потенцијалите за енергетска ефикасност во Општината;
- развивање на акциони планови за енергетска ефикасност за секоја година, вклучувајќи финансиски предвидувања и потреби за финансирање од рамките на буџетот на Општината со детален опис на активностите и временски распоред, инвестициони заштеди, профитабилност,

влијанија врз човековата средина, подобрување на квалитетот на општинските услуги и дополнителни придобивки;

- развивање на финансиски план за спроведување на Програмата, вклучувајќи финансиски шеми, финансиски извори, капитал (извори од буџетот на општината), можни финансиски институции, донаторски програми, фондови со посебна намена, итн;
- Организирање и спроведување на Програмата со вклучени инвестиции, распореди, трошковни планови, учесници и спроведители на програмата, модалитети за изведба на програмата (подизведувачи и советници);
- вршење на мониторинг и контрола за утврдување на енергетската состојба во општинските згради и уличното осветление;
- организација на следење, проценки и известување за развојот на Програмата.

# 7. КОНТРОЛА НА ПРОГРАМАТА, ПРОЦЕНА И ИЗВЕСТУВАЊЕ

## *7.1 Контрола и извршување*

Потрошувачката на енергија во повеќето згради е за 25-35% повисока отколку што е потребно за да се одржи посакуваното ниво на комфорт. Бидејќи овие објекти имаат голем потенцијал за заштеда на енергија, потребно е спроведување на мерките за енергетска ефикасност како што се замена/ поправка на прозори, изолација, поефикасно осветлување, термостатски вентили и автоматска контрола на греење и слично, со цел да потрошувачката на енергија се намали на оптимално ниво.

Со цел да измери да се следат резултатите од спроведените мерки за енергетска ефикасност, се планираат мерења во различни временски периоди и споредба на резултатите со пресметаните. Главни показатели кои се мерат и споредуваат се следните:

- Потрошувачката на енергија (топлинска и електрична),
- Споредба на условите во објектите (температурни разлики, степенот на осветленост и влажност),
- Заштеда на финансиски средства кои се одвојуваат за енергија.

Мерењата ќе се извршуваат со утврдена динамика во текот на целата година. За мерење на потрошената електрична енергија ќе се користи електричното броило во секој објект, со што ќе се споредува потрошената електрична енергија пред и после спроведување на мерките за енергетска ефикасност. Како најголем дел од електричната енергија во училиштата и градинките се користи за осветлување на училишните простории, имплементација на поефикасно осветление директно ќе ја покаже користа од спроведување на таквата мерка.

Како мерни инструменти се планира да се користат дата логери. Дата логер е електронски инструмент со вградни сензори кој лесно се инсталира во простории со цел да мери температурни разлики, притисок и влажност, осветление и други величини. Со помош на овој инструмент можат да се снимат горните величини во даден временски период и истите да се анализираа комјутерски, со што веднаш се идентификуваат заштедите на енергија во дадено време како и проблеми во работењето на системите. Со помош на овој инструмент се подобурва ефикасноста, точноста, доверливоста, квалитетот на добиените податоци и потрошувачката на енергија.

Откако ќе се имплементираат предвидените активности во Програмата за енергетска ефикасност, добиените резултати ќе се споредат со оние пред интервенцијата и на тој начин ќе се утврди дали е постигната предвидената цел. Доколку не е постигната целта тогаш се испитува причината зошто тое не е постигнато и се утврдуваат недостатоците во системот доколку тавки постојат и истите треба да се отклонат. Во случај да резултатите се како претпоставените или подобри, тогаш се донесува заклучок дека целта е постигната.

## *7.2 Начини на мерење на енергетските заштеди*

Енергетските заштеди треба да се одредат со пресметка или мерење пред и после спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност. Притоа треба да се осигура контрола во периодот на користење на новите мерки во објектите, со цел да се провери дали иавршените мерки ги даваат предвидените и очекувани резултати или има отстапувања.

Доколку се забележат отстапувања, кои можат да настанат поради човечка грешка или немарност или грешка во системот, потребно е да се дејствува навремено и на соодветен начин истите да се отстранат. Фактори коишто можат да влијаат на состојбата се: временски услови (како на пример степен денови), ниво на користење на простории, време на започнување со работа во зградите, интензитет на користење на опремата пред контрола и следење и други.

Со цел да се постигне еднозначност во податоците потребно е истите да се мерат и собираат во kWh, како за електрична така и за топлинска енергија. Во случај да има употребено други мерки (на пример J или kgoe) потребно е да се претворат едниците во kWh користејќи соодветни фактори за конверзија.

За добивање релевантни податоци, општината планира да ги користи следните извори на информации:

- Сметки од дистрибутивниот центар Охрид за електрична енергија
- Сметки од добавувачи на нафта и огревно дрво
- Податоци за потрошувачка на енергија од производителите на опрема
- Методи за мерење на енергија како што се дата логери, мерачи на проток, броила на електрична енергија и слично.

Сите методи може да содржат соодветен степен на неточност. Таа може да биде предизвикана од:

- грешки во инструментите
- грешки во моделирањето/ пресметките за утврдување на потрошувачката на енергија
- случајни грешки

Поради тоа, во своите извештаи општината ќе го наведе изворот на информации и ќе даде степен на сигурност на информацијата (степен на точност), на пример ± 5%.

Кога е потребно, за точноста на постигнатите заштеди и начини на мерење Општината ќе консултира надворешни советници или специјализирани фирми.

## *7.3 Процена*

За резултатите од активности во Програмата за енергетска ефикасност, ќе бидат известени во писмена форма:

- Градоначалникот и други одговорни лица од локалната самоуправа
- Целокупната јавност преку печатен материјал

- Организациите кои се специјализирани за сферата на енергетска ефикасност
- Сите вклучени страни во финансирање/ спроведување на проектите за енергетска ефикасност

### *7.4 Известување и соопштување*

Распоредот на следење на активностите за енергетска ефикасност во општината од страна на Тимот за Енергетска Ефикасност е прикажан во следната табела.

| **Извештај** | **Време на доставување** |
|---|---|
| Акционен годишен план за енергетска ефикасност | Годишно доставување на крајот од првото тримесечје. |
| Годишен извештај | Годишно доставување во рок од три месеци по завршување на годината. |
| Извештај за тек на проект за енергетска ефикасност | Редовен извештај секое тримесечје за времетраење на проектот, и завршен извештај на крајот од завршување на проектот. |
| Извештаи за мониторинг на мерките за енергетска ефикасност на реализирани проекти | Тримесечно, во рок од 15 дена од завршување на конкретното тримесечје. |

## Анекс 1

## <u>Формулар за добивање информации за енергетска ефикасност на јавни објекти во ингеренции на локалните самоуправи</u>

| **1.Генерални информации** | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Име | Т | |
| 1.2 | Адреса | Т | |
| 1.3 | Населено место | С | |
| 1.4 | Општина | С | |
| 1.5 | Вид на градба | С | |
| 1.6 | Сектор | С | |
| 1.7 | Под-сектор | С | |
| 1.8 | Корисник | С | а) градот<br>б) општината<br>в) министерството________________________<br>г) друга владина институција_____________________<br>д) национална компанија______________________<br>ѓ) приватна компанија______________________<br>е) друго _________________________ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.9 | Сопственост | C | а) правно лице<br>б) градот<br>в) општината<br>г) државата<br>д) друго ________________________ |
| 1.10 | Дел од објектот кој се користи ако има мултифункционална употреба (%) | N | |
| 1.11 | Објект од област на заштита на културното наследство | T | |
| 1.13 | Година на градба | N | |
| 1.14 | Година на последно реновирање | N | |
| 1.15 | Вид на реновирање | T | |
| 1.16 | Мерки на енергетска ефикаснот кои се имплементирани | T | |
| 1.17 | Лице за контакт во објектот | T | |
| 1.18 | Телефон | T | |
| 1.19 | Факс | T | |
| 1.20 | E-mail | T | |
| **2.Состојба на објектот** | | | |
| 2.1 | Врати и прозорци | T | *Вид, година и генерална состојба на прозорците* |
| 2.2 | Надворешни ѕидови | T | *Вид, година и генерална состојба на ѕидовите* |
| 2.3 | Кров | T | *Вид, година и генерална состојба на кровот* |
| **3.Просторна поставеност на објектот** | | | |
| 3.1 | Насока | C | а) север<br>б) југ<br>в) исток<br>г) запад<br>д) комбинација ___________________ |
| 3.2 | Останати генерални карактеристика на просторна поставеност | T | |
| **4.Површина и волумен на објектот** | | | |
| 4.1 | Вкупна површина на објектот [$m^2$] | N | |
| 4.2 | Вклупна греана површина на објектот, A [$m^2$] | N | |
| 4.4 | Вкупен греан волумен на објектот, Ve [$m^3$] | N | |
| 4.5 | Вкупна ладена површина на објектот, Ah [$m^2$] | N | |
| 4.6 | Вкупен ладен волумен на објектот, Ve c[$m^3$] | N | |
| 4.7 | Број на катови | N | |
| 4.9 | Општи забелешки на објектот | T | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.Користење на објектот** | | | |
| 5.1 | Број на вработени | N | *Постојано вработени лица .* |
| 5.2 | Број на корисници | N | *Корисници на просторот, месечен просек.* |
| 5.3 | Број на работни денови во текот на една седмица | N | |
| 5.5 | Број на работни часови во работен ден | N | |
| 5.6 | Општи забелешки за употребата на објектот | T | |
| **6.Термални карактеристики на објектот** | | | |
| 6.1 | Краток опис на составот на надворешните ѕидови | T | *(полна или шуплива цигла, бетон, вид на изолација)* |
| 6.2 | Вид и состојба на прозорци и врати | T | *(единечно или двојно стакло, изолационо стакло, PVC, дрвена или алуминиумска рамка)* |
| 6.3 | Краток опис на кровот таванот и кровната изолација | T | *(состав на таванот, таванската излоација, состојба на кровот, можни протекувања)* |
| 6.4 | Краток опис на приземјето | T | *(Краток опис на составот на подот, проблеми со влага)* |
| 6.5 | Генерални забелешки на надворешната состојба на објектот | T | |
| **7.Напојување со електрична енергија** | | | |
| 7.1 | Име на дистрибутер | N | EVN Macedonia |
| 7.2 | Обновливи извори на енергија | B | Да/Не |
| 7.3.1 | Сериски број на броило/а *(шифра за стара сметка)* | N | *Можно е еден објект да има повеќе броила* |
| 7.3.2а | Сериски број на корисник *(за нова сметка)* | N | *Можно е еден објект да има повеќе броила* |
| 7.3.2б | Број на место на потрошувачка *(за нова сметка)* | N | *Можно е еден објект да има повеќе броила* |
| **8.Термо-динамички систем на греење** | | | |
| 8.1 | Гориво | C | А) Дрво<br>б)лесно масло за греење<br>в)екстра лесно масло за греење<br>г) природен гас<br>д) течен петролеј<br>ѓ) електрична енергија<br>е) мазут<br>ж)комбинација ______________________________ |
| 8.1.1. | Потрошувачка на гориво во грејна сезона | N | а) 2008 ________________________<br>б) 2009 _________________________<br>в) 2010 _________________________ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8.1.2 | Потрошувачка на средства за гориво во грејна сезона | N | а) 2008 ___________________________<br>б) 2009 ____________________________<br>в) 2010 ____________________________ |
| 8.2 | Тип на систем на греење | C | а) индивидуално по просторија<br>б) индивидуален централен систем<br>в) Систем на градско (околинско) греење<br>*Според овој избор избери ги 8.2.1, 8.2.2 и 8.2.3* |
| **8.2.1** | **Индивидуален централен систем на греење** | | |
| 8.2.1.1 | Тип на котел | T | |
| 8.2.1.2 | Година на производство на котелот | N | |
| 8.2.1.3 | Вкупен топлински капацитет на котелот [kW] | N | |
| 8.2.1.4 | Дали системот на греење користи топлинска пумпа (опција Да или Не) | B | |
| 8.2.1.5 | Тип на топлинска пумпа | C | а) воздух – воздух<br>б) вода – воздух<br>в) вода – вода<br>г) тло – вода<br>д)друга комбинација_______________ |
| 8.2.1.6 | Вкупен капацитет на топлинската пумпа [kW] | N | |
| **8.2.2** | **Индивидуално греење по простории** | | |
| 8.2.2.1 | Вкупна инсталирана моќност на инсталираните греалки [kW] | N | |
| 8.2.2.2 | Користење на електрични греалки (Да/Не) | B | |
| 8.2.2.3 | Инсталиран капацитет на електричните греалки [kW] | N | |
| **8.2.3** | **Систем на градско (околинско) греење** | | |
| 8.2.3.1 | Сериски број на мерач на енергија ако постои | T | |
| 8.2.3.2 | Вкупна инсталирана моќност на системот [KW] | N | |
| 8.2.3.3 | Генерални забелешки за системот за греење | N | |
| **9.Систем на ладење на објектот** | | | |
| 9.1 | Вид на ладење | C | А)индивидуално по простории<br>б)централно |
| 9.2 | Вкупна инсталирана моќност на ладилните единици / систем [kW] | N | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9.3 | Генерални забелешки за системот за ладење | T | |
| **10.Систем за вентилација** | | | |
| 10.1 | Вентилиран волумен [$m^3$] | N | |
| 10.2 | Вкупен проток на воздух [$m^3$/h] | N | |
| 10.3 | Вкупна инсталирана електрична моќност на системот за [kW] | N | |
| 10.4 | Генерални забелешки за системот за вентилација | T | |
| **11.Подготовка на топла санитарна вода** | | | |
| 11.1 | Гориво (*електрична енергија, гас, итн..*) | M C | |
| 11.3 | Вкупна инсталирана моќност на системот [kW] | N | |
| 11.4 | Вкупна инсталирана електрична моќност на системот [kW] | N | |
| 11.5 | Ситем со соларни колектори | N | а)Број на колектори ______________<br>б) површина_____________________<br>в) капацитет на бојлер______________<br>г) вкупна инсталирана моќност на системот__________ |
| 11.6 | Генерални забелешки за системот за подготвка на топла санитарна вода | T | |
| **12.Систем на електрично осветление на објектот** | | | |
| **12.1** | **Систем на вкатрешно електрично осветление** | | |
| 12.1.1 | Вкупна инсталирана моќност на светилки со жаречко влакно [kW] | N | |
| 12.1.2 | Број на светилки со жаречко влакно | N | |
| 12.1.3 | Вкупна инсталирана моќност на неонско осветление [kW] | N | |
| 12.1.4 | Број на неонски светилки по моќност | N | а) 18W______<br>б) 36W_______<br>в) 54W_______<br>г) друго______ |
| 12.1.5 | Вкупна инсталирана моќност на неонско осветление со електронска придушница [kW] | N | |
| 12.1.6 | Број на неонски светилки по моќност со електронска придушница | N | А)18W______<br>б) 36W_______<br>в) 54W_______<br>г) друго______ |
| 12.1.8 | Вкупна инсталирана моќност на халогени светилки [kW] | N | |
| 12.1.9 | Број на халогени светилки | N | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12.1.10 | Вкупна инсталирана моќност на метал-халогени светилки [kW] | N | |
| 12.1.11 | Број на метал-халогени светилки | N | |
| 12.1.12 | Вкупна инсталирана моќност на друг тип на светилки (kWh) | N | |
| 12.1.13 | Број на останати светилки | N | |
| 12.1.14 | Генерални забелшки за системот за внатрешно осветление | T | |
| 12.2 | Систем на надворешно осветление | | |
| 12.2.1 | Вкупен број на надворешни светилки | N | |
| 12.2.2 | Вкупна инсталирана моќност на надворешното осветление | N | |
| 12.2.3 | Тип на светилки за надворешно осветление | N | |
| 12.2.4 | Генерални забелешки за надворешното осветление | T | *Вклучено на уличното осветление и слично* |
| **13. Останати потрошувачи на електрична енергија** | | | |
| 13.1 | Вкупна инсталирана моќност на останата електронска опрема [kW] | N | |
| 13.2 | Вкупна инсталирана опрема на опремата во кујната (ако е познато) [kW] | N | |
| 13.3 | Генерални заклучоци за останатите потрошувачи | T | |

# Анекс 2

## Примарни закони кои ја вклучуваат енергетската ефикасност

Подготовка, планирање, спроведување и користење на мерките за енергетска ефикасност од Програмата за енергетска ефикасност на Општината се заснова на користење и употреба на законската рамка за енергетска ефикасност која е опфатена во неколку закони во Република Македонија.

### *Закон за Енергетика*

Закон за Енергетика е донесен во февруари 2011 година (Законот за Енергетика, објавен во Службен Весник бр. 16 од 2011 година) и изменет со указ за прогласување на законот за изменување и дополување на Законот за Енергетика (објавен во Службен Весник бр. 136 од 2011 година). Законот е под ингеренција на Министерството за Економија. Законот беше даден на проверка во Европската комисија и е утврдено дека истиот е во согласност со барањата на Европската унија. Во однос на енергетската ефикасност, со Законот се третираат следните значајни аспекти:

- Дефиниција на десет годишната стратегија за енергетска ефикасност
- Локално енергетско планирање
- Формирана Агенција за енергетика

- Подготовка на мерки за имплементација на Директивата за енергетски перформанси на објектите вклучително и максимално дозволената потрошувачка на енергија во зависност од видот на објектот
- Означување на апаратите за домаќинство од аспект на ефикасно користење на енергија
- Акредитација на тела за оценување на сообразноста
- Оценување и испитување на барањата за технички спецификации во согласност со барањата на Европската унија

За исполнување на програмите и целите за енергетска ефикасност во Општините во Република Македонија потребно е да се почитуваат законските начела донесени и третирани во Законот за Енергетика, објавен во Службен Весник бр. 16 од 2011 година. Подолу се наведени членовите од овој Закон со кои директно или индиректно се однесуваат на енергетската ефикасност.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот е должен да донесе Програма за развој на енергетиката на Општината, додека податоци за изработка на Програмата и планот за реализација на Програмата се должни да дадат енергетските субјекти на територијата на Општината по барање на Општината.

На предлог на Градоначалникот, Советот на Општината донесува одлука за овластување за изградба на нови објекти за производство на топлинска енергија.

Општината во рамките на својата надлежност за снабдување на корисниците на своето подрачје со топлинска односно геотермална енергија, треба да создаде услови за вршење на дејностите дистрибуција и снабдување со енергија, додека производителот може да поседува и управува со работата на производната постројка и да врши продажба на топлинска односно геотермална енергија.

Во член 130 и 132 попрецизно се регулира енергетската ефикасност на општинско ниво, и тоа:

Политиката на Општината за енергетска ефикасност се утврдува со Програма за енергетска ефикасност кој треба да биде во согласност со државната Стратегија за унапредување на енергетската ефикасност. Програмата ја донесува Советот на Општината и таа се однесува на три години. Градоначалникот изготвува план за реализација на Програмата и извештај за остварување на планот за претходната година и го доставува до Советот на Општината за одобрување односно усвојување.

## *Закон за градење*

Законот за градење беше усвоен во април 2011 година. Законот е под надлежност на Министерството за транспорт и врски. Со Законот се покриваат барањата на ЕУ Директивата 89/106, во која се вклучени делови за енергетска ефикасност во објектите. Во зависност од намената на објектите во Законот се дефинирани различни видови на објекти, и тоа:

- Стратегиски објекти (нуклеарни објекти, термоцентрали, големи хидроцентрали цевоводи за нафта и гас, телекомуникациони системи, аеродроми и друго)
- Национални и регионални објекти за јавна намена (државни и дипломатски објекти, високо образование и здравствени обејкти, далекуводи, урбани гасни мрежи, одбранбени објекти, хидроцентрали од 2 до 210 MW и друго)
- Локални јавни објекти (училишта за основно и средно образование, спортски, културни и религиозни објекти, мали здравствени објекти, комерцијални и индустриски објекти, локални гасни мрежи и друго)

- Објекти со средни габарити (станбено-деловни до три нивоа, мали деловни до два нивоа, трафостаници до 10 MW и друго)
- Објекти со мали габарити (семејни куќи, предфабрикувани објекти, спортски терени и друго)

Првите две категории објекти се под ингеренција на Министерството за транспорт и врски додека останатите три се под ингеренција на Општините.

Законот наведува дека објектите треба ефикасно да ја користат енергијата и да бидат топлински заштитени како и дека системите за греење, ладење и вентилација треба да бидат проектирани и изведени на сличен начин во зависност од локалните климатски услови. Со подзаконски акти треба да се ограничи специфичната потрошувачка на енергија по $m^2$.

## *Закон за локална самоуправа*

Законот за локална самоуправа е усвоен во 2002 година и сукцесивно почна да се применува од 01 јули 2005 година, а целосно треба да се имплементира до јануари 2007 година. Со Законот се врши пренесување на одговорностите од централната власт на Општините меѓу кои се изработка на енергетски програми, заштита на животна средина, третман на отпад и друго. Според Законот за локална самоуправа, Општините се стекнуваат со зголемени права на својата територија но и поголеми обврски. Општините ги превземаат финансиските обврски поврзани со енергетиката за квалитетно снабдување со електрична енергија, снабдување со топлинска енергија и гориво за греење на јавните објекти (Општина, основни училишта, градинки и други објекти), одржување на уличното осветление, обезбедување на комунални услуги, обезбедување на локален транспорт и друго.

Според овој закон, Општините се надлежни за вршење на следните дејности:

- Заштита на животната средина и природата – мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачко зрачење;

- Локалниот економски развој – планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништво на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

- Комунални дејности – снабдување со вода за пиење; испорака на технолошка вода; одведување и пречистување на отпадните води; јавното осветлување; одведување и третман на атмосферските води; одржување на јаван чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредување и организација на јавниот локален превоз на патници; снабдување со природен гас и топлинска енергија; и друго;

- Социјална заштита – заштита на децата, детски градинки и домови за стари лица (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување);

- Образование – основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта – во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

- Здравствена заштита – управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти и од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост.

## *Закон за животна средина*

Законот е усвоен во јули 2005 година (Службен Весник на Република Македонија бр. 53/2005). Во Законот е јасно нагласена потребата од намалување на емисијата на гасови коишто го формираат ефектот на стаклена градина поради што е потребно да се врши рационално користење на енергијата и почитување на стандардите за заштита на животната средина.

## *Закон за акредитација*

Со овој Закон се земени во предвид основните барања за акредитација на тела и индивидуални физички лица одговорни за сертификација и контрола на производи. За градежниот сектор барањата се однесуваат на механичка јакост, енергетска ефикасност, здравје, безбедност и друго.

## *Стандарди*

Институтот за стандардизација на Република Македонија усвои стандарди за пресметка на енергетските перформанси на објектите, и тоа за:

- изолациони материјали
- методологии за пресметка на перформанси на обвивка на објект, прозори и топливи мостови
- топлинска изолација и перформанси на градежни елементи

Група на стандарди кои треба да бидат прифатени во согласност со спроведувањето на Директивата за енергетски перформанси на објекти се:

- стандарди за формата и методологијата за пресметка на енергетските перформанси
- стандарди за системи и опрема за греење, вентилација и климатизација
- стандарди за градежни материјали
- стандарди за дневно и вештачко осветлување
- Изработка на климатски карти потребни за пресметка на проектните оптоварувања за греење и ладење; пресметка на топлински и ладилни степен денови и пресметка на годишна потрошувачка на енергија за греење, ладење и вентилација на база на месечни, дневни и часовни податоци.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 1999 година, Владата на Република Македонија прифати програм за ефикасно користење на енергијата во Република Македонија до 2020 година. Во програмата се дефинирани мерки за зголемување на енергетската ефикасност, и тоа:

- изработка на Стратегија за енергетска ефикасност во Република Македонија до 2020 година
- формирање на фонд за финансиска поддршка
- изработка на инвестициона и техничка документација за реализација на конкретни проекти
- изработка на регулативи, стандарди и други акти

- информативни и образовни активности
- Публикации и брошури
- меѓународни активности

Стратегијата беше изработена во 2003 година и вклучува иницијативи, можности и технички активности. Со Стратегијата се предвидуваат следните активности:

- формирање на Агенција за енергетска ефикасност
- сертификација на енергетски оценувачи
- енергетски закони за објектите
- стандарди за опрема
- формирање на фонд за енергетска ефикасност
- формирање на компанија за енергетски услуги (ESCO – Energy Service Company)

**Број 07-685/31-1**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Програмата за работа на општинскиот совет за малолетничко престапништво на општина Охрид за 2012 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 год.

**Број 08 -685 /32**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.02.2012 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2012 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за работа на општинскиот Совет за малолетничко престапништво на општина Охрид за 2012 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-685/32**
**29.02.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

